# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**на Македонска берза АД Скопје за 2013 година**

**Скопје, Февруари 2014 година**

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2013 година ги содржи главните фактори и околности (деловно окружување) кои што влијаеа на работењето на Берзата во 2013 година, основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2013 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2013 година работењето на Македонската берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, кои го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза, односно имаа свое влијание врз тргувањето со хартии од вредност на Берзата, а со тоа и врз деловното работење на Берзата како акционерско друштво:

- Растот на светската економија во 2013 година продолжи со исто темпо како растот во 2012 година. Најголем придонес кон глобалниот раст дадоа САД и Јапонија, кои излегоа од рецесијата, односно стагнација. Растот на повеќето земји во развој беше доста забавен после високите стапки на пораст во претходните години. Земјите од еврозоната, вклучувајќи ја и Велика Британија, забележаа намалување на БДП во 2013 година во износ од 0,5%[1];

- Должничката криза на дел од земјите од еврозоната се' уште предизвикуваше воздржаност и песимизам кај инвеститорите од вложување во еврозоната, како резултат на исходот од мерките за стабилизација и поддршка на најзадолжените земји, како и слабите резултати од закрепнувањето на најразвиените европски економии;

- Во 2013 година македонската економија забележа раст од 3,3%, пред се' како резултат на странските и јавните инвестиции и благото закрепнување на некои економии во Европската Унија, која е наш доминантен трговски партнер[2];

- Трендовите во светската економија во 2013 година и должничката криза во ЕУ, благиот пораст на македонската економија и нестабилното окружување во голема мерка влијаеше на воздржаноста на инвеститорите од вложување во македонски хартии од вредност (особено беше евидентно малото присуство на странските инвеститори) и на ликвидноста на хартиите од вредност. Тоа влијаеше врз намалување на прометот и општото ниво на цените на пазарот;

- Со Измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност од Јануари 2013 година, се предвиде воведување на задолжителна котација на хартиите од вредност на издавачите кои не котираат на Берза, а кои ги исполнуваат посебните услови за котација на официјалниот пазар на Берзата. Како резултат на тоа во текот на годината на Берзата се котираа нови 86 друштва, што придонесе за зголемување на обемот и квалитетот на транспарентноста на македонските акционерски друштва;

- НБРМ ја релаксираше монетарна политика со ограничување на понудениот износ на благајничките записи, како и намалување на активните каматните стапки на каматите на кредитите преку ноќ и каматите на благајничките записи. Овие мерки овозможија зголемување на масата на парични средства расположливи за кредитирање на стопанството и населението, со што истовремено предизвикаа банките да продолжат да ги намалуваат пасивните и активните каматни стапки, а државата да ги намали каматните стапки на трезорските записи. Ова резултираше со

[1] World Economic Outlook, “Transitions and Tensions”, IMF, October 2013
[2] Буџет на Република Македонија за 2014

дополнително намалување на приносите на најсигурните финаниски инструменти споредено со приносите на пазарот на капитал;

- Општата ликвидност во економијата се' уште беше голем предизвик за сите економски агенти;

- Стратегиите на пензиските фондови кои имаат и најмногу средства на управување беа насочени кон вложување во должнички хартии од вредност издадени од државата (повеќе од 60% од вкупните средства);

- Во текот на 2013 година се укина данокот на капитални добивки, како стимул за вложување во хартии од вредност, но продолжи влијанието на законските мерки кои придонесуваат за дестимулација на исплата на дивиденди;

- Стапка на инфлација од 3,3% во 2013 година;

- Стабилен девизен курс;

- Функционална институционална пазарна инфраструктура;

- Во 2013 година не се случија некои нови позначајни поместувања во однос на отворените прашања кои се поставуваат како услов за реализацијата на определбите на Република Македонија за членство во евроатлантските организации, што и понатаму имаше свое влијание врз очекувањата на инвеститорите на Берзата и на нивните деловни и инвестициони одлуки.

# 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2013 година се:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2013 година изнесуваше **3.234.557.987** денари (околу **52,50** милион евра), што е за **42,24 %** помалку во споредба со 2012 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2013 година изнесуваше **2.122.770.731** денари[3] (околу **34,46** милиони евра), што е за **22,96%** понизок во споредба со 2012 година;

  - Прометот остварен со акции (Официјален и Редовен пазар) во 2013 година изнесуваше **1.394.585.615** денари (околу **22,64** милиони евра), што е за **10,21%** понизок во споредба со 2012 година;

  - Во 2013 година е остварен промет со обврзници од **728.185.116** денари (околу **19,53** милиони евра), што е за **39,43%** понизок во споредба со 2012 година;

- Во 2013 година на Берзата се реализирани **82** блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од **819.559.599** денари (околу **13,30** милиони евра), и бележи намалување од **65,85%** во споредба со 2012 година;

- Во 2013 година реализирани се продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции, како и продажба на големи пакети на акции во вкупна вредност од **274.712.773** денари (околу **4,46** милиони евра), што е за **20,85 %** помалку во споредба со 2012 година;

- Во 2013 година на Берзата се реализирани јавни понуди на хартии од вредност и е остварен промет

[3]При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

од **17.514.884** денари (**285** илјади евра) и бележи намалување од **82,10%** во споредба со 2012 година;

- Во структурата на прометот доминираат реализираните трансакции на Официјалниот пазар со **57,17%** учество во вкупниот промет на Берзата во 2013 година;

- На крајот на 2013 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на **116** друштва, од кои 31 друштво на подсегментите Супер котација и Берзанска котација и 85 нови друштва на подсегментот Задолжителна котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 31.12.2013 година достигна **97,76** милијарди денари (околу **1,6** милијарди евра) и бележи зголемување од **277,18%** како резултат на новите 84 друштва што котираат на подсегментот Задолжителна котација, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува **6,16** милијарди денари (**72,31** милиони евра) што претставува опаѓање за **10,02%** во споредба со 2012 година.

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 30.12.2013 година изнесуваше **1.738,86** што е **0,44%** повеќе во однос на вредноста на индексот МБИ10 постигната на последниот ден на тргување во 2012 година кога изнесуваше **1.731,18**.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2013 и 2012 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за периодот Јануари-Декември 2013 година и Јануари-Декември 2012 година, како и структурата на прометот остварен во 2013 година.

| ПРОМЕТ (денари) | Јануари –Декември 2012 | Јануари –Декември 2013 | % на промена |
|---|---|---|---|
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **2.755.471.034** | **2.122.770.731** | **-22,96** |
| АКЦИИ | 1.553.185.005 | 1.394.585.615 | -10,21 |
| ОБВРЗНИЦИ | 1.202.286.029 | 728.185.116 | -39,43 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 11.201.102 | 8.664.370 | -22,65 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 60 | 55 | -8,33 |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **2.399.890.440** | **819.559.599** | **-65,85** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **347.082.916** | **274.712.773** | **-20,85** |
| **ЈАВНИ ПОНУДИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **97.860.558** | **17.514.884** | **-82,10** |
| **ВКУПНО** | **5.600.304.948** | **3.234.557.987** | **-42,24** |
| **БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | | | |
| **КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ** | **14.806** | **13.396** | **-9,52** |
| **БЛОК ТРАНСАКЦИИ** | **75** | **82** | **9,33** |
| **ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ** | **53** | **101** | **90,57** |
| **ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** | **17** | **6** | **-64,71** |
| **ВКУПНО** | **14.951** | **13.585** | **-9,14** |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА (денари)** | | | |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ** | **113.016.985.122** | **102.718.163.286** | **-9,11** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 25.917.759.876 | 97.755.772.716 | 277,18 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 87.099.225.245 | 4.962.390.570 | -94,3 |
| **ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ** | **7.353.535.935** | **6.616.404.276** | **-10,02** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **120.370.521.057** | **109.334.567.562** | **-9,17** |
| **МБИ10** | **1.731,18** | **1.738,86** | **0,44** |
| **ОМБ** | **118,61** | **124,13** | **4,65** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **32** | **116** | **262,5** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **246** | **245** | **-0,41** |

**Структура на прометот во периодот**
**Јануари - Декември 2013 година**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % на учество | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР | 1.849.337.846 | 30.018.049 | 57,17 | 11.164 |
| РЕДОВЕН ПАЗАР | 273.432.885 | 4.437.734 | 8,45 | 2.232 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | 819.559.599 | 13.298.129 | 25,34 | 82 |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ | 225.952.773 | 3.671.191 | 6,99 | 100 |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ ЗА ГОЛЕМИ ПАКЕТИ | 48.760.000 | 792.902 | 1,51 | 1 |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 17.514.884 | 284.788 | 0,54 | 6 |
| ВКУПНО | 3.234.557.987 | 52.502.794 | 100,00 | 13.585 |




## 3.2. Анализа на остварениот промет од класичното тргување по месеци

Во текот на 2013 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од **2.122.770.731** денари (околу **34,46** милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од "класичното" тргување на Берзата во 2013 година, во продолжение презентираме графички и табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2013 година.

**Промет од "класичното" тргување по месеци во 2013 година**




| Месец | Официјален пазар | | Редовен пазар | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на транса кции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Акции | | | | |
| Јануари | 81.734.502 | 33.031.442 | 30.049.611 | 144.815.555 | 2.354.553 | 1.401 | 21 |
| Февруари | 87.995.689 | 11.146.161 | 64.971.126 | 164.112.976 | 2.664.071 | 1.167 | 20 |
| Март | 72.372.196 | 44.532.803 | 55.959.970 | 172.864.969 | 2.803.968 | 1.284 | 21 |
| **Вкуп. I квартал** | **242.102.387** | **88.710.406** | **150.980.707** | **481.793.500** | **7.822.592** | **3.852** | **62** |
| Април | 85.361.200 | 13.257.572 | 44.216.407 | 142.835.179 | 2.316.784 | 1.346 | 22 |
| Мај | 77.081.341 | 187.865.006 | 39.150.427 | 304.096.774 | 4.932.042 | 1.162 | 19 |
| Јуни | 103.081.316 | 161.518.655 | 11.392.460 | 275.992.431 | 4.475.371 | 1.263 | 19 |
| **Вкуп. II квартал** | **265.523.857** | **362.641.232** | **94.759.294** | **722.924.384** | **11.724.197** | **3.771** | **60** |
| Јули | 75.383.727 | 109.495.973 | 3.213.054 | 188.092.754 | 3.050.620 | 1.128 | 23 |
| Август | 55.159.371 | 22.698.781 | 2.139.510 | 79.997.662 | 1.300.849 | 777 | 19 |
| Септември | 69.105.604 | 83.783.058 | 1.680.001 | 154.568.663 | 2.513.397 | 914 | 20 |
| **Вкуп. III квартал** | **199.648.702** | **215.977.812** | **7.032.565** | **422.659.079** | **6.864.866** | **2.819** | **62** |
| Октомври | 71.495.381 | 22.267.392 | 11.134.163 | 104.896.936 | 1.705.574 | 899 | 21 |
| Ноември | 62.912.272 | 24.571.150 | 7.988.246 | 95.471.668 | 1.552.183 | 743 | 20 |
| Декември | 279.470.131 | 14.017.123 | 1.537.910 | 295.025.164 | 4.786.371 | 1.312 | 20 |
| **Вкуп. IV квартал** | **413.877.784** | **60.855.665** | **20.660.319** | **495.393.768** | **8.044.128** | **2.954** | **61** |
| **ВКУПНО** | **1.121.152.730** | **728.185.116** | **273.432.885** | **2.122.770.731** | **34.455.784** | **13.396** | **245** |

### 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на Официјалниот пазар на Берзата во 2013 година (1,85 милијарди денари) е остварен преку 11.164 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 87,12%. Од тоа, 1,21 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (60,62%) при што се склучени 9.326 трансакции, додека прометот со обврзници изнесува 728 милиони денари (39,37%) и истиот е остварен преку 1.838 трансакции.

Остварениот промет на Редовниот пазар на Берзата (273 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2013 година со 12,88% и 2.232 трансакции. Од тоа, 165 милиони денари отпаѓаат на тргувањето остварено на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (60,45%) и овој промет е остварен преку 1.780 трансакции, додека на Слободниот пазар се остварени 108 милиони денари (39,55%) преку 452 трансакции.

За подобро согледување на структурата на прометот во 2013 година, во продолжение презентираме табеларен и графички приказ на тргувањето по пазарни сегменти.

**СТРУКТУРА НА КЛАСИЧНИОТ ПРОМЕТ ВО 2013 ГОДИНА**

| Пазарен сегмент | Промет (денари) | Промет (ЕВРА) | % | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **1.121.152.730** | **18.200.135** | **60,62** | **9.326** |
| обични | 1.119.938.498 | 18.180.397 | 99,89 | 9.272 |
| приоритетни | 1.214.232 | 19.738 | 0,11 | 54 |
| ***Обврзници*** | **728.185.116** | **11.817.914** | **39,38** | **1.838** |
| **ВКУПНО ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР** | **1.849.337.846** | **30.018.049** | **87,12** | **11.164** |
| **РЕДОВЕН ПАЗАР** | | | | |
| ***Акции*** | **273.432.885** | **4.437.734** | **100,00** | **2.232** |
| ***Пазар акционерски друштва со посебни оберски за известување*** | **165.298.074** | **2.682.546** | **60,45** | **1.780** |
| обични | 164.949.939 | 2.676.899 | 99,79 | 1.764 |
| приоритетни | 348.135 | 5.647 | 0,21 | 16 |
| ***Слободен пазар*** | **108.134.811** | **1.755.188** | **39,55** | **452** |
| обични | 106.854.561 | 1.734.418 | 98,82 | 433 |
| приоритетни | 1.280.250 | 20.770 | 1,18 | 19 |
| **ВКУПНО РЕДОВЕН ПАЗАР** | **273.432.885** | **4.437.734** | **12,88** | **2.232** |
| **ВКУПНО СИТЕ ПАЗАРИ** | **2.122.770.731** | **34.455.784** | **100,00** | **13.396** |







## 3.4. Блок трансакци

### *3.4.1. Администраторски блок трансакции*

Во 2013 година на Берзата беа пријавени вкупно **24** администраторски блок трансакции во вкупна вредност од **569.574.117** денари (околу 8,5 милион ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 12 блок трансакции во вкупна вредност од 371 милиони денари (6,03 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 12 блок трансакции во вкупна вредност од 199 милиони денари (2,5 милиони ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме пријавените администраторски блок трансакции по пазарни сегменти во 2013 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **0** | **0** | **0** |
| | **Берзанска котација** | **213.359.547** | **3.469.261** | **8** |
| | **Задолжителна котација** | **157.477.739** | **2.560.614** | **4** |
| **Редовен пазар** | **Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување** | **91.683.810** | **1.490.794** | **4** |
| | **Слободен пазар** | **107.053.021** | **979.978** | **8** |
| **Вкупно** | | **569.574.117** | **8.500.647** | **24** |

### *3.4.2. Системски блок трансакции*

Во 2013 година на Берзата беа склучени вкупно **58** системски блок трансакции во вкупна вредност од **249.985.482** денари (околу 4,06 милиони ЕВРА). На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 52 блок трансакции во вкупна вредност од 226,79 милиони денари (3,69 милиони ЕВРА), додека на Редовниот пазар се реализирани 6 блок трансакции во вкупна вредност од 23 милиони денари (377 илјади ЕВРА).

Во продолжение ги презентираме реализираните системски блок трансакции по пазарни сегменти во 2013 година.

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | **Супер котација** | **0** | **0** | **0** |
| | **Берзанска котација** | **226.791.032** | **3.687.659** | **52** |
| | **Задолжителна котација** | **0** | **0** | **0** |
| **Редовен пазар** | **Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување** | **17.171.950** | **279.219** | **4** |
| | **Слободен пазар** | **6.022.500** | **97.927** | **2** |
| **Вкупно** | | **249.985.482** | **4.064.805** | **58** |

## 3.5. Јавни берзански аукции и аукции на акции при продажба на големи пакети

Во текот на 2013 година на Берзата се одржаа вкупно 9 јавни берзански аукции на кои што се понудија акции и удели во сопственост на Фондот на ПИОМ, Народна Банка на Република Македонија, Министерство за финасии на Република Македонија и Агенцијата за управување со одземен имот.

На одржаните јавни берзански аукции во 2013 година беа склучени вкупно 100 трансакции и беше остварен промет од 225.952.773 денари (3,67 милиони ЕВРА). При тоа:

- Преку 16 трансакции беа истргувани обични акции на 10 акционерски друштва при што беше остварен промет од 134.896.212 денари;
- Преку 59 трансакции беа истргувани приоритетни акции на 39 акционерски друштва при што беше остварен промет од 51.466.480 денари;
- Преку 25 трансакции беа истргувани уделите во 25 друштва и остварен промет 39.590.081 денари.

Во 2013 година беа одржани јавни берзански аукции за големи пакети при што беа истргувани 23 акции од ТЕ-ТО АД Скопје и беше остварен промет од 48.760.000 денари, односно 793 илјади ЕВРА.

## 3.6. Јавни понуди на хартии од вредност

Во текот 2013 година преку Берзата беше спроведена една јавна понуда на хартии од вредност, согласно Анекс 3 од Правилата за тргување на Берзата. Јавната понуда се однесуваше на акции на издавачот ТТК Банка АД Скопје и истата траеше во периодот 05.11.2013-04.12.2013 година.

| Хартија од вредност | Просечна цена | Количина | Вредност МКД | Вредност ЕВРА | Број на трансак ции | Почетен датум на јавна понуда | % на реали- зација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТТК Банка АД Скопје - јавна понуда на хв | 727,00 | 24.092 | 17.514.884 | 284.788 | 6 | 05.11.2013 | 100 % |
| **Вкупно** | | | **17.514.884** | **284.788** | **6** | | |

## 3.7. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека од вкупниот промет остварен на Берзата во 2013 година, 266.557.668 Денари (4.340.809 Евра) припаѓаат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (8,59% од вкупниот промет), додека 455.714.247 Денари (7.420.848 Евра) остварени се преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (14,69% од вкупниот промет). Согласно повеќегодишната пракса при изготвувањето и објавувањето на статистичките билтени во прикажувањето на учеството на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет, а заради пореално прикажување на активноста на портфолио инвеститорите, при пресметките се исклучени поголемите блок трансакции. Од тие причини, за 2013 година вкупниот промет е изразен без јавната берзанска аукција за големи пакети со акциите на ТЕ-ТО АД Скопје (реализирана во месец август) и без една блок трансакција со акциите на Фершпед АД Скопје (во месец ноември).

Во продолжение е презентирана табела за учеството на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет по месеци во 2013 година:

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | I - XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купување странски физички | 2,72% | 1,56% | 3,33% | 7,82% | 1,54% | 0,94% | 2,29% | 5,60% | 2,56% | 1,66% | 5,38% | 0,96% | 2,27% |
| Купување странски правни | 7,71% | 19,57% | 8,50% | 10,28% | 8,46% | 2,64% | 1,56% | 1,87% | 4,31% | 6,84% | 7,58% | 4,27% | 6,32% |
| **ВКУПНО** | **10,42%** | **21,13%** | **11,83%** | **18,10%** | **10,00%** | **3,58%** | **3,85%** | **7,47%** | **6,87%** | **8,49%** | **12,96%** | **5,23%** | **8,59%** |
| Купување домашни физички | 33,79% | 34,56% | 49,72% | 49,52% | 23,56% | 21,49% | 17,73% | 42,04% | 31,24% | 19,43% | 43,51% | 22,78% | 28,32% |
| Купување домашни правни | 55,78% | 44,31% | 38,45% | 32,38% | 66,44% | 74,92% | 78,43% | 51,21% | 61,91% | 72,16% | 43,53% | 71,99% | 63,09% |
| **ВКУПНО** | **89,58%** | **78,87%** | **88,17%** | **81,90%** | **90,00%** | **96,42%** | **96,16%** | **93,24%** | **93,16%** | **91,58%** | **87,04%** | **94,77%** | **91,41%** |
| Продажба странски физички | 3,67% | 2,53% | 3,51% | 6,26% | 1,54% | 1,27% | 2,17% | 8,18% | 3,62% | 2,68% | 4,88% | 1,13% | 2,60% |
| Продажба странски правни | 9,65% | 12,85% | 9,50% | 15,69% | 7,01% | 19,68% | 3,99% | 17,23% | 4,84% | 7,55% | 17,53% | 17,49% | 12,09% |
| **ВКУПНО** | **13,32%** | **15,38%** | **13,01%** | **21,95%** | **8,56%** | **20,95%** | **6,16%** | **25,41%** | **8,45%** | **10,24%** | **22,40%** | **18,62%** | **14,69%** |
| Продажба домашни физички | 30,09% | 47,30% | 55,76% | 61,54% | 45,87% | 37,30% | 28,01% | 48,65% | 45,75% | 29,12% | 37,42% | 54,73% | 43,59% |
| Продажба домашни правни | 56,59% | 37,32% | 31,23% | 16,51% | 45,57% | 41,75% | 65,83% | 25,94% | 45,80% | 60,65% | 40,17% | 26,65% | 41,71% |
| **ВКУПНО** | **86,68%** | **84,62%** | **86,99%** | **78,05%** | **91,44%** | **79,05%** | **93,84%** | **74,59%** | **91,55%** | **89,76%** | **77,60%** | **81,38%** | **85,61%** |

## 3.8. Индекси на Македонска Берза

Македонска Берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

### *3.8.1. Македонски Берзански Индекс – МБИ10*

- вредност на МБИ10 на последниот ден на тргување во 2013 година **(30.12.2013)** изнесува **1.738,86** индексни поени, што значи пораст од **0,44%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2012 година (**28.12.2012)** година = **1.731,18** индексни поени),
- највисока вредност на МБИ10 во 2013 година е постигната на **28.01.2013** година (**1.955,92** индексни поени),
- најниска вредност на индексот во 2013 година е постигната на **08.11.2013** година (**1.556,96** индексни поени).




Порастот на вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 од **0,44%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2012 година, претставува прв мал пораст на вредноста на индексот на годишно ниво од 2009 година.

| **Датум на извршена ревизија** | **Вид на ревизија** | **Состав на индексот** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 17.06.2013 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје,<br>Гранит АД Скопје,<br>Алкалоид АД Скопје,<br>Макстил АД Скопје,<br>Стопанска банка АД Битола,<br>Макпетрол АД Скопје,<br>Топлификација АД Скопје,<br>Репелк АД Скопје,<br>ТТК Банка АД Скопје и<br>Македонијатурист АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2013 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 02.09.2013 | Вонредна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје, ТТК Банка АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје и Реплек АД Скопје. | На 29.07.2013 година Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје донесе Одлука за усвојување на нова Методологија за пресметка на МБИ10 имајќи предвид дека со постапката на задолжителна котација значително се зголеми бројот на котираните друштва на Официјалниот пазар на Берзата, а со тоа и хетерогеноста на котираните акции. Новини во новата Методологија за пресметување на Македонски берзански индекс МБИ10 се: • воведување на “free float” пазарна капитализација за пресметување на индексот; • наместо досегашните 5 се воведуваат 3 критериуми за избор на акции за вклучување во индексот (free float пазарна капитализација, просечен дневен промет и број на денови на тргување); • како и намалување на максималното влијание на секој елемент на индексот на денот на ревизијата од 25% на 20%. |
| 16.12.2013 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Реплек АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје и Фершпед АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.12.2013 година |
| 27.12.2013 | Вонредна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Реплек АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Макпетрол АД Скопје, Топлификација АД Скопје, Македонски Телеком АД Скопје и Македонијатурист АД Скопје | Имајќи ја предвид осцилаторноста на пазарната цена и спецификите во тргувањето со акциите на Фершпед АД Скопје, кои што беа вклучени во индексот МБИ10 со последната редовна ревизија на индексот на 16.12.2013 година која што требаше да се имплементира почнувајќи од 30.12.2013 година, Комисијата за берзански индекс изврши вонредна ревизија на индексот МБИ10 и заклучи акциите издадени од Фершпед АД Скопје да не се вклучат во пресметката на индексот МБИ10 |

### *3.8.2. Индекс на Јавно поседувани друштва МБИД*

Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје на седницата одржана на 29.07.2013 година, донесе Одлука за престанок на пресметување на Индексот на Јавно поседувани друштва МБИД.

Имено со постапката на задолжителна котација најголемиот дел од друштвата чии акции претходно се тргуваа на Редовниот пазар на подсегментот Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување се префрлија на новиот подсегмент на Официјалниот пазар – Задолжителна котација, со што значително се намали листата на акции за формирање на индексот МБИД. Со тоа, на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување останаа само 18 друштва со исклучително ниска ликвидност, што придонесе пресметувањето на индексот МБИД да ја изгуби својата оправданост како показател на пазарните движења на Македонската берза.

### *3.8.3. Индекс на обврзници - ОМБ*

- вредност на ОМБ на последниот ден на тргување во 2013 година (**30.12.2013**) изнесува **124,13** индексни поени, што значи зголемување од **4,65%** во споредба со вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2012 година (**28.12.2012)** година = **118,61** индексни поени),
- највисока вредност на ОМБ во 2013 е постигната на **27.12.2013** година (**124,13** индексни поени),
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2013 е постигната на **09.01.2013** година (**118,10** индексни поени).




| **Датум на извршена ревизија** | **Вид на ревизија** | **Состав на индексот** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 17.06.2013 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација: RMDEN04, RMDEN05, RMDEN06, RMDEN07, RMDEN08, RMDEN09, RMDEN10, RMDEN11 и RMDEN12 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.06.2013 година |
| 16.12.2013 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | Обврзници за денационализација: RMDEN04, RMDEN05, RMDEN06, RMDEN07, RMDEN08, RMDEN09, RMDEN10, RMDEN11 и RMDEN12 | Датум на имплементација на извршената ревизија, односно датумот од кој отпочна да се пресметува индексот по новиот состав беше 30.12.2013 година |

## 3.9. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2013 година е реализиран преку активностите на 15 членки на Берзата.

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2013 година.  Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции каде е прикажана само куповната страна.

## Учество на членките на Берзата во реализираниот промет
## и трансакции во 2013 година

| Членка | Членка | Класично тргување | % Класично тргување | Блокови | % Блокови | Јавни берзански аукции | % Јавни берзански аукции | Јавна понуда на ХВ | % Јавна понуда на ХВ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 1.168.458.606 | 27,52 | 62.680.812 | 3,82 | 8.632.293 | 2,67 | 0 | 0 | 1.239.771.711 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 451.269.486 | 10,63 | 356.672.841 | 21,76 | 142.506.410 | 44,06 | 4.459.418 | 12,73 | 954.908.155 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 609.728.511 | 14,36 | 126.695.528 | 7,73 | 53.500.778 | 16,54 | 0 | 0 | 789.924.817 |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 564.970.104 | 13,31 | 125.013.881 | 7,63 | 13.940.590 | 4,31 | 0 | 0 | 703.924.575 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 192.205.274 | 4,53 | 361.091.786 | 22,03 | 13.187.755 | 4,08 | 0 | 0 | 566.484.815 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 234.528.843 | 5,52 | 216.797.246 | 13,23 | 6.711.391 | 2,07 | 0 | 0 | 458.037.479 |
| Поштел Брокер АД Скопје | PT | 73.912.272 | 1,74 | 271.952.456 | 16,59 | 900.885 | 0,28 | 0 | 0 | 346.765.613 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | TN | 244.210.259 | 5,75 | 33.876.120 | 2,07 | 58.962.322 | 18,23 | 0 | 0 | 337.048.701 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 146.774.310 | 3,46 | 17.502.597 | 1,07 | 14.882.181 | 4,6 | 30.570.350 | 87,27 | 209.729.438 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 203.392.746 | 4,79 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 203.392.746 |
| Алта Виста брокер АД Скопје | AV | 116.290.621 | 2,74 | 42.831.432 | 2,61 | 3.845.831 | 1,19 | 0 | 0 | 162.967.884 |
| Мој Брокер АД Скопје | MO | 112.355.162 | 2,65 | 0 | 0 | 643.000 | 0,2 | 0 | 0 | 112.998.162 |
| Пеон Брокер АД Скопје | PE | 82.172.940 | 1,94 | 24.004.500 | 1,46 | 5.625.737 | 1,74 | 0 | 0 | 111.803.177 |
| ЕУРОброкер АД Скопје | EU | 42.076.365 | 0,99 | 0 | 0 | 133.600 | 0,04 | 0 | 0 | 42.209.965 |
| Централна кооперативна банка АД Скопје | SL | 3.195.964 | 0,08 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.195.964 |
| **Вкупно** | | **4.245.541.461** | **100** | **1.639.119.198** | **100** | **323.472.773** | **100** | **35.029.768** | **100** | **6.243.163.200** |

**Забелешка:** Централна кооперативна банка АД Скопје беше членка на Македонска берза заклучно со 09.07.2013 година;
Мој брокер АД Скопје беше членка на Македонска берза заклучно со 09.10.2013 година.




Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Илирика Инвестментс АД Скопје со учество од 19,86%. На второ и трето место се Иново Брокер АД Скопје и Еурохаус АД Скопје со учество од 15,30% и 12,65%, соодветно.

## 3.10. Други активности поврзани со тргувањето

Во текот на 2013 година Берзата редовно ги спроведуваше потребните активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- внес на нови хартии за тргување во трговскиот систем;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, поради достасување на обврзници, поради отворени стечајни постапки над некои друштва и др.);
- распоредување на хартии од вредност по соодветни сегменти согласно известувањата од Комисијата за хартии од вредност за запишување и бришење на акционерски друштва од/во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување по разни основи, вклучувајќи ги и Измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност од 23.01.2013 година;
- календар на денови на тргување на Македонска берза за 2014 година;
- список на сите хартии од вредност со кои се тргува без ценовни ограничувања (статички лимити);
- подготовка и објавување на годишен статистички билтен и месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;
- распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување;
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за вршење на функцијата поддржувачи на ликвидност.

За сите вакви активности, членките на Берзата беа соодветно известувани преку апликацијата БерзаНЕТ.

# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2013 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 32 акционерски друштва со пазарна капитализација од 25,92 милијарди денари како и 12 државни обврзници со пазарна капитализација од 7,35 милијарди денари.

На крајот од 2013 бројот на котираните друштва се зголеми на 116 котирани друштва, со пазарна капитализација од 97,75 милијарди денари, што претставува зголемување за 2,77 пати, пред се како резултат на новокотираните друштва на подсегментот Задожителна котација. На крајот од 2013 година бројот на котирани државни обврзници остана ист, со пазарна капитализација од 6,61 милијарди денари, што претставува намалување за 10,02%, при што треба да се имаат предвид достасаните ануитети на обврзниците за денационализација и достасувањето на обврзницата за денационализација од втората емисија.

На последниот ден на тргување во овој квартал (30.12.2013 година), од 132 котирани хартии од вредност (обични акции, приоритетни акции и обврзници), 33 се тргуваа во режим на континуирано тргување, додека 99 се тргуваа во режим на аукциско тргување.

## 4.2. Котација на нови хартии од вредност

### *4.2.1 Котација на обврзници*

Во текот на 2013 година беше котирана Дванаесетта емисија на обврзници за денационализација издадени од Република Македонија во вкупна номинална вреност од 10 милиони евра, со прв датум на тргување 29.05.2013 година.

### *4.2.2 Котација на акции*

**Измени на Правилата за котација на Берзата**

Со Измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност од 23.01.2013 година (Службен весник на РМ бр. 13/2013), се предвиде воведување на задолжителна котација на хартиите од вредност на издавачите кои не котираат на Берза, а кои ги исполнуваат посебните услови за котација на официјалниот пазар на Берзата. Во таа насока Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје на 25.02.2013 година донесе нови Правила за котација на кои Комисијата за хартии од вредност на 11.03.2013 со Решение бр. УП1 08-07 даде согласност со што од 15.03.2013 година започна примената на новите Правилата за котација.

Согласно Измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност и Правилата за котација на Берзата се формира нов пазарен подсегмент на Официјалниот пазар на берзата - “Задолжителна котација”, на кој предвидено е да котираат хартии од вредност на издавачи кои со состојба на 31.12. кумулативно ги исполнуваат следните критериуми:

- номинален капитал во износ од најмалку 1.000.000 евра,
- најмалку 50 акционери и
- најмалку 1% распространетост на акциите во јавноста
- ревидирани финансиски извештаи за две години.

Покрај посебните услови за котација на Официјалниот пазар на Берзата друштвата и хартиите од вредност треба да ги исполнуваат и општите услови за котација и тоа: издавачот да е трговско друштво

регистрирано во Република Македонија кое работи во согласност со законските прописи, да има изготвено ревидирани годишни финансиски извештаи и хартиите од вредност за кои се бара котација на Берзата треба да бидат целосно уплатени и неограничено преносливи.

Акционерските друштва чии што хартии од вредност ги исполнуваат посебните услови за котација на пазарниот подсегмент на Официјалниот пазар на берзата - "Задолжителна котација" имаа обврска најдоцна до 30.04.2013 година да поднесат Барање за котација и пропратна документација за пријавување за котација. Хартиите од вредност кои котираат на задолжителна котација можат да бидат исклучени од задолжителната котација само при стечај и ликвидација на издавачот.

Законските одредби за задолжителна котација на Берза на хартиите од вредност на друштвата кои ги исполнуваат условите за котација престануваат да важат на 30.04.2018 година.

Воедно, покрај воведувањето на пазарниот подсегмент „Задолжителна котација" со новите Правила за котација на Берзата се променети и критериумите за котација на постојниот подсегмент „Берзанска котација" (условот капитал од 500.000 евра се зголемува на 5 милиони евра, а процентот на распространетост на акциите во јавноста се намали од 15% на 10%), а се воведе и уште еден нов пазарен подсегмент - „Котација на мали акционерски друштва". Котацијата на овој пазарен подсегмент е на доброволна основа согласно деловната политика на друштвата. Новиот пазар на мали акционерски друштва на Берзата е наменет за новоформирани акционерски друштва или за помали друштва чии развојни планови предвидуваат финансирање преку пазарот на капитал. Котацијата на овој пазарен подсегмент на овие друштва ќе им овозможи соодветно претставување пред инвеститорската јавност и стекнување имиџ на котирана компанија. Услови за котација на овој подсегмент се ревидирани финансиски извештаи за последната година и најмалку 250.000 евра капитал, без критериуми за минимален број на акционери и распространетост на акциите во јавноста.

**<u>Задолжителна котација на хартии од вредност</u>**

Акционерските друштва кои со состојба 31.12.2012 година ги исполнуваа посебните услови за котација на пазарниот подсегмент на Официјалниот пазар на берзата - Задолжителна котација, имаа обврска најдоцна до 30.04.2013 година да поднесат барање за котација заедно со целокупната пропратна документација за пријавување за котација. Заклучно со 30.04.2013 година вкупно 90 друштва поднесоа барање до Берзата за котација на подсегментот Задолжителна котација.

До крајот на вториот квартал од 2013 година, Комисијата за котација на Берзата одржа пет седници на кои беа разгледани сите 90 барања за котација заедно со целокупната поднесена документација, после што Комисијата до Одборот на директори даде свое мислење со предлог за секое барање за котација. Дополнително на 02.10.2013 година барање за котација достави друштвото Карбо Нова АД Крива Паланка. Одборот на директори на Берзата ги разгледа сите предлози на Комисијата за котација и ги прифати барањата за котација на подсегментот Задолжителна котација на 86 друштва.

Кај неколку друштва барањата за котација беа одбиени заради следниве состојби; Кај друштвото ЗСК Струмица АД Струмица беше констатирано дека издавачот не ги исполнува посебните услови за котација (износ на капитал под 1 милион евра), кај Металец АД Прилеп беше констатирано дека врз друштвото е отворена стечајна постапка, додека кај Конзервна фабрика АД Струмица беше констатирано дека друштвото не функционира и како такво не е погодно за котација на Официјалниот пазар на Берзата. За друштвата Агросервис АД Скопје и Млаз АД Богданци Одборот на директори донесе одлуки за запирање на постапката за котација заради некомплетна документација и постапката ќе продолжи после докомплетирање на документацијата од страна на друштвата.

Согласно Правилата за котација, до друштвата за кои беа донесени одлуки за одобрување на прием на задолжителна котација, Берзата достави договори за котација, коишто требаше да се потпишат од страна на друштвата. Официјалниот датум на котација беше третиот ден од заверката на договорите во архивата на Берзата. Од вкупно 86 друштва за кои Одборот на директори донесе одлуки за одобрување за прием

на котација до моментот на изготвување на овој Извештај, договори за котација доставија вкупно 84 друштва, освен друштвата Гетро АД Гостивар и Охридтурист АД Охрид.

Берзата со друшвата котирани на подсегментот Задолжителна котација одржа вкупно 5 работни состаноци, на кои покрај презентација на обврските за известување на котираните друштва согласно Правилата за котација, се одржа и обука за користење и пристап на СЕИ-НЕТ системот.

Подолу се дадени друштвата кои беа котирани на подсегментот Задолжителна котација врз основа на поднесено барање од нивна страна:

| Р.Б. | Назив на друштво | Датум на донесена Одлука за котација | Датум на котација |
|---|---|---|---|
| 1 | Сковин АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 2 | Лотарија на Македонија АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 3 | РЖ Техничка контрола АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 4 | Уготур АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 5 | Современ дом АД Прилеп | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 6 | ГД Тиквеш АД Кавадарци | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 7 | Фруктал Мак АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 8 | МОДА АД Свети Николе | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 9 | Благој Туфанов АД Радовиш | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 10 | Агрокуманово АД Куманово | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 11 | Прилепска пиварница АД Прилеп | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 12 | Попова кула АД Демир Капија | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 13 | Технокомерц АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 14 | Дебарски бањи - Цапа АД Дебар | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 15 | Фустеларко Борец АД Битола | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 16 | Тајмиште АД Кичево | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 17 | Рудници Бањани АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 18 | Димко Митрев АД Велес | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 19 | УНИ Банка АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 20 | Струмичко поле АД с. Василево | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 21 | Грозд АД Струмица | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 22 | ТЕАЛ АД Тетово | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 23 | Пелистерка АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 24 | Македонски Телеком АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 25 | Македонија АД Битола | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 26 | Славеј АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 27 | РЖ КПОР АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 28 | Европа АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 29 | Макпромет АД Штип | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 30 | Стокопромет АД Скопје | 27.05.2013 | 11.06.2013 |
| 31 | БИМ АД Свети Николе | 27.05.2013 | 25.06.2013 |
| 32 | Трготекстил малопродажба АД Скопје | 27.05.2013 | 25.06.2013 |
| 33 | Неметали Огражден АД Струмица | 27.05.2013 | 25.06.2013 |

| Р.Б. | Назив на друштво | Датум на донесена Одлука за котација | Датум на котација |
|---|---|---|---|
| 34 | Оранжерии Хамзали АД Струмица | 27.05.2013 | 25.06.2013 |
| 35 | Единство АД Струмица | 27.05.2013 | 25.06.2013 |
| 36 | Раде Кончар АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 37 | Трикотажа Пелистер АД Битола | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 38 | Триглав осигурување АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 39 | Трудбеник АД Охрид | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 40 | Вабтек МЗТ АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 41 | Транскоп АД Битола | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 42 | Кланица со ладилник АД Струмица | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 43 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 44 | Ангропромет Тиквешанка АД Кавадарци | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 45 | Трансбалкан АД Гевгелија | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 46 | Благој Ѓорев АД Велес | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 47 | Фабрика Карпош АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 48 | Ветекс АД Велес | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 49 | Нова стоковна куќа АД Струмица | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 50 | Централна кооперативна банка АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 51 | ГТЦ АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 52 | КЈУБИ Македонија АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 53 | Мермеререн комбинат АД Прилеп | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 54 | Факом АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 55 | ОИЛКО КДА Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 56 | Агромеханика АД Скопје | 10.06.2013 | 25.06.2013 |
| 57 | МЗТ Пумпи АД Скопје | 10.06.2013 | 01.07.2013 |
| 58 | Интерпромет АД Тетово | 10.06.2013 | 01.07.2013 |
| 59 | ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово | 10.06.2013 | 01.07.2013 |
| 60 | Аутомакедонија АД Скопје | 10.06.2013 | 01.07.2013 |
| 61 | Единство АД Тетово | 10.06.2013 | 01.07.2013 |
| 62 | РЖ Економика АД Скопје | 10.06.2013 | 01.07.2013 |
| 63 | ЖАС АД Скопје | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 64 | Герас Цунев Трговија АД Струмица | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 65 | Герас Цунев Конфекција АД Струмица | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 66 | Авиоимпекс АД Скопје | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 67 | Бетон АД Штип | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 68 | Идевелоп АД Скопје | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 69 | Струмица табак АД Струмица | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 70 | Цементарница УСЈЕ АД Скопје | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 71 | Жито Полог АД Тетово | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 72 | АДИНГ АД Скопје | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 73 | Велестабак АД Велес | 17.06.2013 | 01.07.2013 |
| 74 | ОКТА АД Скопје | 10.06.2013 | 08.07.2013 |

| Р.Б. | Назив на друштво | Датум на донесена Одлука за котација | Датум на котација |
|---|---|---|---|
| 75 | Сигурносно стакло АД Прилеп | 10.06.2013 | 08.07.2013 |
| 76 | Јака 80 АД Радовиш | 17.06.2013 | 08.07.2013 |
| 77 | Жито Скопје АД Скопје | 17.06.2013 | 08.07.2013 |
| 78 | Стопанска банка АД Скопје | 17.06.2013 | 08.07.2013 |
| 79 | Силекс АД Кратово | 10.06.2013 | 15.07.2013 |
| 80 | АрцелорМиттал (ЦРМ) АД Скопје | 17.06.2013 | 15.07.2013 |
| 81 | АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје | 17.06.2013 | 15.07.2013 |
| 82 | Агроплод АД Ресен | 17.06.2013 | 15.07.2013 |
| 83 | Жито Караорман АД Кичево | 10.06.2013 | 24.07.2013 |
| 84 | Карбо Нова АД Крива Паланка | 22.11.2013 | 11.12.2013 |

На 22.07.2013 година Берзата ја извести Комисијата за хартии од вредност за сите наведени барања за котација и постапки во врска со нив.

## 4.3. Преземени мерки согласно Правилата за котација

### *4.3.1 Прекини на тргување*

Согласно точка 6.09. подточка 7 и 10 од Правилата за котација заради необјавување на содржината на одлуките донесени на собрание на акционери првиот следен ден на тргување после денот на нивното донесување, Берзата изврши привремен прекин на тргувањето со акциите издадени од следните друштва:

- ОХИС АД Скопје, на 14.11.2013 година, со прекин од 60 минути, при што тргувањето продолжи по објавувањето на СЕИ-НЕТ на содржината на одлуките донесени на собранието на акционери на друштвото.

- РЖ Услуги АД Скопје, на 31.07.2013 година, со прекин од 30 минути, при што тргувањето продолжи по објавувањето на СЕИ-НЕТ на содржината на одлуките донесени на собранието на акционери на друштвото.

### *4.3.2 Преземени мерки против котирани друштва согласно Правилата за котација*

- На седницата одржана на 18.09.2013 година, Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје согласно член 54 став став (4) алинеја 8 од Правилата за котација одлучи да ги исклучи од котација од подсегментот Берзанска котација акциите издадени од издавачот Жито Вардар АД Велес заради тоа што друштвото Жито Вардар АД Велес ги нема подмирено финансиските обврски кон Берзата по основ на надоместок за котација. Истовремено, Одборот на директори на Берзата одлучи да постапи согласно член 54 став (6) од Правилата за котација, според кој Берзата може да ги префрли котираните акции од одреден издавач од Берзанска котација на Задолжителна котација доколку издавачот ги исполнува условите за котација на подсегментот Задолжителна котација. Оттука, почнувајќи од 23.09.2013 година, акциите на издавачот Жито Вардар АД Велес се котирани и со нив се тргува на подсегментот Задолжителна котација на Официјалниот пазар на Берзата

- На седницата одржана на ден 30.10.2013 година, Одборот на директори на Берзата ја разгледа и расправаше по Информацијата за котираното друштво Градски трговски центар АД Скопје, и

утврди дека Градски трговски центар АД Скопје одржал Собрание на акционери на 03.10.2013 година на кое што друштвото донело “Одлука за распределба на нераспределената добивка за 2012 година за дивиденда”, но во содржината на спомenатата Одлука не усвоило датуми за утврдување на дивидендниот календар ниту пак донело посебна Одлука на Собранието на акционери со која ќе ги утврди датумите за исплата на дивиденда (утврдување на датумот на пресек на акционерската книга, последниот датум на тргување со право на дивиденда и првиот датум на тргување без право на дивиденда). Одборот констатираше дека Градски трговски центар АД Скопје извршило повреда на одредбите од глава VI со кои се регулираат обврските за постојано известување, односно на одредбата од точка 36 од Правилата за котација на Берзата и одлучи да постапи согласно член 51 став (1) алинеа 1 од Правилата за котација на Берзата и да изрече мерка опомена заради непочитување на Правилата за котација спрема друштвото Градски трговски центар АД Скопје.

- Согласно Одлуката на Одборот на директори донесена на 30.10.2013 година за пренесување на овластување од Одборот на директори на Главниот Извршен директор на Македонска берза АД Скопје за изрекување опомени кон издавачите котирани на подсегментот Задолжителна котација, испратени се опомени за ненавремено објавување на неревидираните биланси на успех за периодот 01.01.-30.09.2013, согласно член 41 став 2 од Правилата за котација, на друштвата: Агроплод АД Ресен, Патнички сообраќај - Транскоп АД Битола, Велестабак АД Велес, Жито Скопје АД Скопје, Јака 80 АД Радовиш, Нова стоковна куќа АД Струмица и Благој Туфанов АД Радовиш.

**<u>4.4. Исклучување од котација на хартии од вредност</u>**

На 31.05.2012 поради достасување беше отстранета од тргување Обврзница за денационализација од втората емисја на обврзници (со шифра на тргување RMDEN02) издадена од Република Македонија.

**<u>4.5. Објавени известувања преку СЕИНет</u>**

Освен постапувањето по обврската за објавување на финансиски извештаи, котираните друштва во текот на 2013 година објавија вкупно 469 информации поврзани со собранието на акционери и одлуки на органите на управување на друштвата и 413 други ценовно чувствителни информации.

Од аспект на објавувањето на ревидираните финансиски извештаи од страна на котираните друштва, во текот на 2013 година сите котирани друштва ја исполнија обврската за објавување на целосните ревидирани годишни финансиски извештаи за 2012 година.

Во поглед на обврската за објавување на периодични биланси на успех и биланси на состојба согласно Правилата за котација, сите друштва ги објавија неревидираните биланси на успех и биланси на состојба во 390 поединечни објави на СЕИ-НЕТ. Надвор од предвидениот рок за објава согласно Правилата за котација за периодот 01.01.-30.06.2013 дванаесет друштва задоцнија со објавата на полугодишните финансиски извештаи додека за периодот на известување 01.01.-30.09.2013 седум друштва објавија надвор од предвидениот рок за објава.

**<u>4.6. Останати активности во врска со котацијата</u>**

***4.6.1 Заклучоци на Одборот на директори***

Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 29.07.2013 година ја разгледуваше информацијата поврзана со котираното друштво Топлификација АД Скопје и констатира дека друштвото во неколку наврати недоследно ги исполнувало обврските за известување кои произлегуваат од Правилата за котација на Берзата и донесе заклучок со кој преку допис до друштвото Топлификација АД Скопје ќе му биде укажано дека е потребно да ја подобри својата исполнителност во поглед на доследното почитување и навремено исполнување на обврските кои произлегуваат од Правилата за

котација, особено во насока сите важни известувања за јавноста да бидат најпрвин веднаш објавувани преку апликацијата СЕИ-Нет. Истовремено, Одборот на директори заклучи дека доколку Топлификација АД Скопје не ја подобри својата исполнителност во поглед на доследното почитување и навремено исполнување на обврските, Одборот на директори на Берзата ќе биде принуден да постапи согласно соодветните одредби од Правилата за котација.

Одборот на директори на Берзата на истата седница ја разгледуваше и состојбата со котиранот друштво ЕМО АД Охрид и констатира дека друштвото и понатаму продолжува со неажурно известување за ценовно чувствителни информации и континуирано неисполнување на финансиските обврски кон Берзата. Одборот на директори на Берзата заклучи да достави допис до друштвото ЕМО Охрид, во кој меѓу другото, ќе биде изречно укажано дека најдоцна до 31.08.2013 година друштвото ЕМО АД Охрид треба да ја подобри комуникацијата со Берзата и да го плати неплатениот надоместок за котација, или во писмена форма да договори со Берзата конкретна динамика на исплата на заостанатиот долг. Согласно заклучокот на Одборот на директори, Берзата на 01.08.2013 испрати допис до друштвото на кој ЕМО АД Охрид одговори на 19.08.2013 година со кој назначи ново лице за контакт со Берзата и предложи динамика на плаќање на заостанатите обрски. На 05.09.2013 година Берзата и ЕМО АД Охрид потпишаа Протокол за регулирање на начинот на исплата на долгот на ЕМО АД Охрид со кој ЕМО АД Охрид се обврза финансиските обврски по основ на надоместокот за котација да го исплати во четири рати до крајот на 2013 година, при што друштвото исполни 86% од истиот.

### *4.6.2 Објавена публикацијата "Факти за котираните друштва"*

Користејќи ги податоците од добиените ревидирани финансиски извештаи од котираните друштва за 2010, 2011 и 2012 година, како и податоците од тргувањето, Македонската Берза изработи "Факти за котираните друштва". Фактите беа изготвени во електронска форма на 42 страници на македонски и англиски јазик и на 09.10.2013 година беа објавени на интернет страницата на Македонската берза.

### *4.6.3 Доделување на годишна награда „Кристално ѕвоно"*

Во насока на продолжување на воспоставената пракса на Берзата за доделување на годишна награда „Кристално ѕвоно" на најтранспарентно котирано акционерско друштво на Македонската берза, изборот на добитникот на наградата, се изврши согласно добиените мислења од страна на преставници на следниве пет целни грипи: регулаторни тела и саморегулирачки организации, институционални инвеститори, членки на Берзата, стручна јавност и медиуми. Од секоја целна група беа избрани по пет претставници до кои беа доставени листи за оценување на три од вкупните шест категории за оценување.

Согласно бодирањето на секој член на целните групи за најтранспарентно котирано друштво на Македонската берза за 2012 година се избра Алкалоид АД Скопје. Наградата беше доделена за време на "Конференцијата на македонскиот пазар на хартии од вредност 2013".

## 5. ЧЛЕНСТВО

### 5.1. Членки на Берзата

Македонска берза АД Скопје 2013 година ја започна со вкупно 15 членки, но во текот на годината, по претходно доставени известувања до Берзата за доброволно истапување од членство, на две членки трајно им престана членството во Берзата. Како резултат на тоа на крајот од 2013 година вкупниот број членки на Берзата изнесува 13, од кои 4 се банки, а 9 се брокерски куќи.

Состојбите со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје во текот на 2013 година се презентирани во следнава табела:

<table>
<tr><td colspan="4">Состојби со статусот на членките на Македонска берза АД Скопје</td></tr>
<tr><td colspan="3">• Број на членки на Берзата на почеток на 2013 година</td><td>15</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Привремено исклучување од членство</td><td>Назив</td><td>Датум на привремено исклучување од членство</td><td>Датум на повторно стекнување на статусот на членка</td></tr>
<tr><td>Пеон Брокер АД Скопје</td><td>02.01.2013</td><td>03.01.2013</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td rowspan="3">Трајно исклучување од членство (попретходно доставено барање од членките за доброволно истапување од членство)</td><td>Назив</td><td>Датум на трајно исклучување од членство</td><td>Шифра за тргување</td></tr>
<tr><td>Централна Кооперативна банка Скопје</td><td>10.07.2013</td><td>СЛ</td></tr>
<tr><td>Мој Брокер АД Скопје</td><td>10.10.2013</td><td>МО</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="3">• Број на членки на крај на 2012 година</td><td>13</td></tr>
</table>

Во продолжение е презентирана листа на членки на Македонска берза АД Скопје, со состојба на ден 31.12.2013 година:

| **ЧЛЕНКА** | **ШИФРА** |
|---|---|
| 1. Алта Виста Брокер АД Скопје | АВ |
| 2. Еуро Брокер АД Скопје | ЕУ |
| 3. Еурохаус АД Скопје | ЕХ |
| 4. Фершпед Брокер АД Скопје | ФР |
| 5. Инвестброкер АД Скопје | МИ |
| 6. Илирика Инвестментс АД Скопје | ИЛ |
| 7. Иново Брокер АД Скопје | ИН |
| 8. Комерцијална банка АД Скопје | КБ |
| 9. НЛБ Тутунска банка АД Скопје | ТН |
| 10. ПЕОН Брокер АД Скопје | ПЕ |
| 11. Поштел Брокер АД Скопје | ПТ |
| 12. Стопанска банка АД Скопје | СБ |
| 13. ТТК Банка АД Скопје | ТК |

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

Во текот на 2013 година, Македонската берза АД Скопје континуирано ја спроведуваше функцијата на надзор над тргувањето со хартии од вредност, чија крајна цел беше одржување на ефикасен и стабилен пазар на хартии од вредност. Оваа активност, пред се, подразбираше вонтеренско следење на тргувањето на Берзата, теренска и вонтеренска контрола на членките на Берзата и воочување на евентуални вонредни пазарни состојби, а врз основа на тоа и соодветни интервенции на Берзата во одредени ситуации.

Врз основа на претходно спроведени теренски и вонтеренски контроли во 2012 година, во 2013 година беа поднесени три предлози за отпочнување на дисциплински постапки против членки на Берзата.

Врз основа на Програмата за работа на Македонска берза АД Скопје за 2013 година, во која, во рамките на извршувањето на редовните активности поврзани со надзорот, беше предвидено контролите на членките на Македонската берза во текот на 2013 година да се вршат првенствено преку теренска контрола на членките на Берзата согласно избрани критериуми за утврдување листа на членки кои ќе бидат предмет на редовните контроли. Секторот за деловни операции изготви Предлог-План за контроли и во периодот од септември до ноември 2013 година беа спроведени теренски контроли врз 8 членки на Македонската берза. За спроведените контроли беа изготвени записници, и истите, во предвидениот рок, беа доставени до членките на Берзата. Берзата подготви Извештај за извршените контроли и истиот беше разгледан од страна на Одборот на директори на Берзата на седницата одржана во месец декември.

## 7. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Активностите на Берзата во рамките на нејзиното нормативно работење во текот на 2013 година, сумарно се прикажани преку следните области:

### 7.1. Изменување и дополнување на важечки акти на Берзата и донесени нови акти

Со цел усогласување со измените и дополнувањата на законските прописи, како и подобрување на постоечките акти на Берзата од аспект на појасна и поефикасна имплементација на истите од страна на субјектите на кои се однесуваат и подобро организирање на секундарниот пазар на хартии од вредност, во текот на 2013 година беа направени измени во неколку акти на Берзата, и беа донесени неколку нови интерни акти.

#### *7.1.1. Измена на Статут на Берзата*

На почетокот на 2013 година, до Берзата беше доставено Решението бр.УП1 08-238 од 14.01.2013 година на Комисијата за хартии од вредност со кое се даде согласност на Одлуката бр.02-1784/1 од 18.12.2012 година за измени и дополнувања на Статутот на Берзата, која започна да се применува од 28.02.2013 година. Со оваа измена во Статутот предвидено е дека Одборот на директори на Берзата е составен од 8 членови, еден извршен и седум неизвршни членови.

#### *7.1.2 Донесување на нов Деловник за работа на Одборот на директори на Берзата*

На седницата одржана на 28.01.2013 година, Одборот на директори на Берзата донесе нов Деловник за работа на Одборот поради потребата за ажурирање на важечкиот деловник и воведување на посовремени методи во работењето на Одборот на директори, како и согласно измените во законската регулатива.

#### *7.1.3 Донесување на нови Правила за котација на Берзата*

Имајќи ги предвид измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност со кои се воведе концептот на т.н. задолжителна котација на акционерски друштва кои ќе ги исполнат посебните условите за тоа, како и постојаната определба на Македонска берза АД Скопје за постојано подигнување на стандардите за објавување на ценовно чувствителни информации од страна на котираните друштва, се пристапи кон соодветни измени и дополнувања на Правила за котација, кои поради обемност резултираа во нови Правилата за котација. Најзначајни новини во Правилата за котација беа поврзани со воведувањето Задолжителна котација и истите се поединечно објаснети во делот од овој Извештај кој се однесува на котацијата.

Ваквите промени во сегментацијата на Официјалниот пазар предизвикаа промени и во останатиот дел од Правилата од кои како позначајни ги издвојуваме:, допрецизирање на одредбите за котацијата на должнички хартии од вредност со што се направи сегментација на два пазарни подсегменти (Берзанска котација на обврзници и Берзанска котација на краткорочни должнички хартии од вредност), дорегулирање на постапката за регистрација на хартиите од вредност на Пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, воведување на нова обврска за покровителот за котација кај новиот пазарен подсегмент Котација на мали акционерски друштва, воведување на специфични обврски за известување на издавачите кои се наоѓаат подсегментите Задолжителна котација и Котација на мали акционерски друштва, како и обврските за известување од страна на државна институција, јавно претпријатие, единиците на локалната самоуправа или Народната Банка на Република Македонија, регулирање на можноста за префрлување на котираните акции од еден на друг пазарен подсегмент и др.

Одлуката бр.02-208/1 за усвојување на Правила за котација на Македонска берза АД Скопје беше доставена до Комисијата за хартии од вредност за согласност на 26.02.2013 година и за истата е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП108-7 од 11.03.2013 година. Новите Правила за котација започнаа да се применуваат од 15.03.2013 година.

После отпочнување на примена на новите Правила за котација се наметна потребата од толкување на неколку одредби од Правилата, поради што на седницата одржана на 05.04.2013 година Одборот на директори донесе Заклучок за толкување кој се однесува на: одредбите од член 23, алинеја 9 и член 29 од Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје, кои се однесуваат на ревидираните финансиски извештаи при што се врши соодветно прилагодување во поглед на реалните состојби во календарскиот период кога паралелно треба да се поднесат барањата за котација, да се добијат ревизорските извештаи и да се одржат годишните собранија на акционери; и одредбите од член 39 точка 14, точка 15 и точка 16 и член 40 точка 12 и точка 13 кои се всушност толкувања на Правилата за котација кои Одборот на директори ги има направено во врска со претходно важечките Правила за котација и истите само соодветно се рефлектираат на одредби од новите Правила за котација. Исто така, на седницата одржана на 29.07.2013 година, со заклучок на Одборот на директори се направи толкување и на член 41, став 8 со кој се појаснува дека одредени одлуки во надлежност на Собранието на акционери на друштвото, доколку се донесени, потребно е да се објават најдоцна до почетокот на тргувањето на следниот ден на тргување после денот на нивното донесување.

### *7.1.4 Измени на Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата*

Воведувањето на концептот на задолжителна котација ја наметна потребата за измени на Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата. За таа цел, на 27.05.2013 годин, Одборот на директори на Берзата донесе Одлука за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Берзата со која се избриша одредбата за бесплатна котација на друштвата во првата година од котацијата. При носењето на оваа Одлука, Одборот на директори го имаше предвид и фактот дека задолжителната котација ќе подразбира повеќекратно зголемување на ангажманот и ресурсите на Берзата за континуирано администрирање на истата, во услови кога Берзата се соочува со сериозни потешкотии во своето финансиско работење, како и тоа дека надоместоците за котација на Берзата се значително пониски од соодветните надоместоци на берзите во регионот на Југоисточна Европа.

Одлуката 02-863/1 беше доставена до Комисијата за хартии од вредност за согласност, при што беше повлечено Барањето бр.08-1136/1 од 24.07.2012 година кое Берзата го достави до Комисијата за хартии од вредност за добивање согласност на Одлуката бр.02-1068/1 од 10.07.2012 година за измени и дополнувања на Тарифникот за висина на надоместоците на Македонска берза АД Скопје.

На ден 14.06.2013 година Комисијата за хартии од вредност донесе Решение бр.УП1 08-29 со кое се дава согласност на Одлуката 02-863/1. Изменетиот Тарифник започна да се применува од 24.06.2013 година.

### *7.1.5 Измени на Правилата за тргување на Берзата*

Во текот на 2013 година, во два наврати беа направени измени во Правилтата за тргување на Берзата. Првата измена произлезе од Извадок од Нацрт-записникот од 122-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 26.02.2013 година, во кој се укажува на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје да направи измена на Правилата за тргување во делот на администраторските блок трансакции. Имено, согласно укажувањето, а по направената анализа на текстот на постојните Правила за тргување, Одборот на директори на Берзата донесе Одлука бр.02-491/1 за измени и дополнување на Правилата за тргување на Берзата, со која се предвиде дека при склучување на администраторска блок трансакција преку која се продаваат акции во сопственост на Република Македонија и органите на државната власт, како и акциите во сопственост на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во случај кога се продаваат во пакет со акции во сопственост на Република Македонија и органите на државната власт, во друштва кои со одлука на Владата на Република Македонија се определени како друштва од особено значење за економијата на Република Македонија, согласно член 95-а, став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, не се применуваат одредбите од Анекс 1, точка 2, потточка 2.1, став 2, 3 и 5, односно за овие администраторски блок трансакции не важат ограничувањата во однос на минималната вредност на трансакцијата, во однос на бројот на учесници во трансакцијата, како и во однос на ограничувањата за цената по акција во блок трансакцијата. Со Решението на Комисијата за хартии од вредност со кое е дадена согласнот на оваа одлука е предвидено дека одредбите од Анекс 1, точка 2, потточка 2.1, став 2, 3 и 5, нема да се применуваат и на друштвата за кои во моментот на донесување на оваа одлука веќе има донесено соодветна одлука од Владата на РМ дека тие се друштва од особено значење за економијата на Република Македонија.

Втората измена на Правилата за тргување резултираше од Иницијатива за унапредување на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија доставена до Берзата од страна на Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанска комора на Македонија и од претходно планираните измени од страна на стручната служба на Берзата. Направените измени на Правилата за тргување со однесуваат на следното: укинување на забраната за вкрстени трансакции помеѓу сметка на принципал или вработен од една страна и клиентска сметка од другата страна на трансакцијата; измени кај системските блок трансакции, односно системските блок налози со што се овозможува користење на групна сметка кај системските блок налози со двајца клиенти купувачи или продавачи; намалување на минималната вредност на системскиот блок налог од 3.000.000 денари на 1.000.000 денари со што се овозможува поширока употреба на овој тип на налози од страна на клиенти кои имаат потреба од реализација „се или ништо"; отстранување на ограничувањата за пријавување на администраторски блок трансакции кои се однесуваат на бројот на учесниците во трансакцијата во зависност од вредноста на трансакцијата и уште неколку измени од техничка природа. После добивање на согласност од Комисијата за хартии од вредност на измените во Правилата за тргување на Берзата, пречистениот текст на Правилата стапи во сила на 16.12.2013 година.

### *7.1.6 Измени и дополнувања на Правилникот за систематизација и внатрешна организација на Македонска берза АД Скопје*

Поради измената во Статутот на Берзата со која се намали бројот на извршните членови на Одборот на директори, но и поради потребата од постојано подобрување на ефикасноста и флексибилноста во извршувањето на работните задачи во рамките на организационите единици на Берзата, Одборот на директори на Берзата донесе одлука со која се направија неколку измени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на Берзата.

### *7.1.7 Измени на Правилата за однесување и дисциплина на Берзата*

Поради измените во Статутот на Берзата кои започнаа да се применуваат на почетокот на 2013 година и со кои бројот на извршните членови на Одборот на директори се намали на еден извршен член, се

наметна потребата од соодветно усогласување на одредбите од Правилата за однесување и дисциплина во деловите кои се однесуваа на извршните директори на Берзата. Исто така во Правилата за однесување и дисциплина беше предвидено дека еден од членовите на Дисциплинската комисија е Извршниот директор на Берзата. Соодветно на измената на Статутот на Берзата, на местото на Извршниот директор на Берзата, член на Дисциплинската комисија се предвиде да биде вработен од стручната служба на Берзата.

***7.1.8. Измени на Ценовникот од Оптитите услови за комерцијално огласување на официјалната интернет страница на Берзата***

Во контекст на активностите за промоција и комерцијализација на интернет страницата на Берзата, а имајќи го предвид дизајнот на веб страницата на Берзата и нејзиното стандардизирање согласно вообичаените маркетинг формати за електронско огласување, во изминатиот период се изготви подетална анализа на пазарот и дефинирање на целните групи на корисници за истата. По извршената анализа се увиде дека генерално постои интерес за користење на интернет страната на Берзата како медиум за огласување, но по цени пониски од цените утврдени во важечкиот Ценовник во Општите услови за комерцијално огласување на интернет страницата на Берзата. За таа цел, Одборот на директори одлучи во Општите услови да се предвидат нови намалени цени за комерцијално огласување кои кореспондираат со тековните пазарни услови во оваа област.

***7.1.9 Донесување на акти од областа на заштита на обработка на личните податоци од страна на Берзата***

Со оглед на фактот што согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци, Берзата како трговско друштво припаѓа на категоријата контролори кои се обврзани да применат соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци кога во рамките на своето редовно работење вршат обработка на истите, Одборот на директори на Берзата усвои План за создавање на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци и донесе шест правилници кои произлегуваат од Планот и законот. Со овие акти се предвидува создавање на соодветен систем за технички и организациски мерки и се регулира начинот и методите што Берзата ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, а кои се усогласени со видот, обемот и потребите на дејноста што ја врши Берзата.

**7.2. Седница на Собранието на акционери и промени во составот на Одборот на директори на Берзата**

Со оглед на фактот што на седницата на Собрание на акционери која беше одржана кон крајот на 2012 година, г-динот Иван Штериев беше реизбран на функцијата Главен Извршен директор на Берзата, во првото тримесечје од годината беше отпочната постапка за добивање на согласност за директор на Берзата до Комисијата за хартии од вредност. Решението бр.УП1 08-1 од 27.02.2013 на Комисијата за хартии од вредност со кое се дава согласност на г-динот Штериев за директор на Берзата беше доставено до Берзата на ден 08.03.2013 година.

На ден 30.04.2013 година беше одржана Годишната седница на Собранието на акционери на Берзата, на кое беа усвоени: Годишниот извештај за работа на Македонската берза АД Скопје за 2012 година, Извештајот за работа на Одборот на директори за 2012 година, Финансиските извештаи за 2012 година и Програмата за работа на Македонската берза АД Скопје за 2013 година. Воедно, Собранието на акционери на Берзата ги донесе следните одлуки: Одлука за усвојување на годишната сметка на Македонска берза АД Скопје за 2012 година, Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Македонска берза АД Скопје во 2012 година, Одлука за покривање на загуба по Годишна сметка за 2012 година и Одлука за именување на ревизор на финансиските извештаи на Македонска берза АД Скопје за 2013 година. Согласно одредбите од Законот за трговски друштва, на акционерите на Берзата им беше доставен Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Берзата.

Собранието на акционери на Берзата на одржаната седница ја верифицираше оставката на г-дин Александар Стојков од функцијата неизвршен/независен член на Одборот на директори. Воедно, заради пополнување на испразнетото место во Одборот на директори на Берзата, Собранието на акционери донесе Одлука за избор на неизвршен /независен член на Одборот на директори на Берзата согласно која г-динот Влатко Илиевски беше избран за неизвршен/независен член на Одборот.

## 7.3. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност

### *7.3.1. Редовна контрола од страна на Комисијата*

Во текот на извештајниот период, Комисијата за хартии од вредност достави до Берзата Записник од редовната контрола на работењето на Берзата во 2012 година, спроведена на 28.12.2012 година, во кој Записник не беше констатирана било каква неусогласеност на работењето на Берзата со Законот за хартии од вредност и подзаконската регулатива на Комисијата за хартии од вредност.

Редовната контрола на работењето на Берзата во 2013 година од страна на Комисијата за хартии од вредност беше направена на 12.12.2013 година.

### *7.3.2. Вонредна контрола над работењето на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност со цел утврдување на пазарната капитализација*

На 25.01.2013 година Комисијата за хартии од вредност спроведе вонредна контрола на работењето на Македонска берза АД Скопје со цел утврдување на вкупната пазарна капитализација на сите сегменти на пазарот на хартии од вредност на последниот ден на тргување во 2012 година, како основ за плаќање на надомест за надзор согласно важечкиот Тарифник на Комисијата за хартии од вредност. Врз основа на спроведената контрола, Комисијата за хартии од вредност изготви Записник бр.08-93/3 согласно кој Берзата треба да плаќа месечен регулаторен надоместок на Комисијата во текот на 2013 година во износ од 953.500,00 денари.

### *7.3.3 Непосредна вонредна контрола над работењето на Берзата од страна на Комисијата за хартии од вредност*

На ден 27.05.2013 година, Комисијата за хартии од вредност изврши непосредна вонредна контрола на Берзата, чиј предмет беше проверка на наодите доставени до Комисијата во информацијата и документацијата за извршената контрола на трансакциите склучени со акциите издадени од Интернешнел Хотелс АД Скопје бр.01-1779/2 од 25.12.2012 година. Во врска со контролата до Берзата беше доставен Записник бр.08-949/4 во кој, меѓу другото, се истакнати наодите и утврдените состојби од страна на претставниците на Комисијата за хартии од вредност кои ја спроведоа контролата. Во предвидениот рок за приговор против Записникот, Берзата достави Одговор на записник до Комисијата, во кој беа истакнати неколку технички забелешки кон Записникот бр.08-949/4.

### *7.3.4. Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти*

Во текот на 2013 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата доставуваше други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

## 7.4. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања во општа управна постапка од надлежните органи и институции, како и од физички лица, кои во текот на извештајниот период во повеќе наврати се обраќаа до Берзата, претежно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 7.5. Други нормативни активности

### *7.5.1. Активности во врска со регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување и обезбедено финансирање од Европската банка за обнова и развој*

Во текот втората половина од 2013 година беа интензивирани активностите на Берзата во врска со регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување и обезбедено финансирање од Европската банка за обнова и развој, во кој првично учествува Љубљанската берза, Загребската берза, Белградската берза и Македонската берза. Во текот на месец Септември, Одборот на директори на Берзата беше запознаен со главните функционалности на овој проект и со хронолошкиот низ на активности кои досега се преземени и кои во иднина се очекува дека ќе бидат реализирани, со особен акцент на одобрениот грант од ЕБОР во висина од 540.000 евра, потребата од формирање на заедничко друштво за реализирање на овој проект и на потребните предуслови за македонскиот пазар на хартии од вредност за имплементација на овој проект.

Во последниот квартал од година, во два наврати дојде до измени во составот на берзите-учеснички во регионалниот проект. Имено, на 21.10.2013 година од страна на Љубљанска берза беше доставен допис до другите берзи учеснички во проектот во кој се известува дека оваа берза го откажува своето учеството во активностите за отпочнување на регионалниот проект за пренасочување на налози од причини кои се наведени во дописот. Независно од новонастанатите околности со Љубљанска берза, останатите три берзи (Загреб, Белград и Скопје) и понатаму останаа заинтересирани за реализација на овој проект и отворено ја разгледаа можноста за приклучување на други берза од регионот во проектот. Во разговорите помеѓу раководството на овие три берзи е заклучено дека потенцијални учесници во проектот би можеле да бидат Румунската берза и Софиската берза, по што е направен првичен план за нивно контактирање и запознавање со проектот. После разговорите со овие берзи, сериозен интерс за пристапување кон регионалниот проект беше изразен од страна на Софиската берза, која се приклучи кон тековните активности во врска со овој проект.

Во меѓувреме, на 18.12.2013 година, Белградската берза ги извести другите берзи учеснички во регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување дека се повлекува од понатамошно учество со активностите поврзани со проектот, поради што учеснички во проектот останаа берзите од Загреб, Софија и Скопје. Активностите во врска со регионалниот проект на крајот од 2013 година беа во фаза на очекување на одговор од Европската банка за обнова и развој за тоа дали и понатаму ќе ја обезбедат финасиската поддршка за регионалниот проект во новонастнатите услови во однос на берзите учеснички на проектот.

Одборот на директори на Берзата беше навремено информиран за сите околности во врска со регионалниот проект и даваше соодветни насоки за постапување на Берзата.

### *7.5.2. Усвоен полугодишен извештај за работењето на Дирекцијата за внатрешна ревизија*

Согласно законските одредби, на седницата на Одборот на директори на Берзата одржана на 18.09.2013 година, неизвршните членови на Одборот на директори, во својство на надзорен орган на Берзата го разгледаа Полугодишниот Извештај за работење на Дирекцијата за внатрешна ревизија за периодот 01.01.2013 – 30.06.2013 година. Во извештајот се опфатени извршените поединечни ревизии во текот на

првото полугодие во 2013 година врз основа на метод на репрезентативен примерок на ревидираниот материјал избран по случаен избор и увид во документацијата поврзана со одредени активности од работењето на овие дирекции. Во врска со преземените ревизорски активности во првата половина од 2013 година и утврдените состојби и факти, постои разумно уверување дека чувањето и заштитата на податоците од тргувањето со хартии од вредност и работењето на Берзата како и уредноста и точноста на архивското работење на Берзата се врши во согласност за законските и подзаконските акти и интерни процедури, во строго пропишани постапки и режими на постапување, со цел обезбедување највисок степен на доверливост, сигурност и точност на податоците. Во рамките на спроведените ревизорски активности не е утврден ниеден случај на грешка или пропуст од човечки или технички карактер, ниту е утврден случај на злоупотреба, неовластено постапување или изложување на ризик од страна на вработените во организационите единици на Берзата каде што беше спроведена ревизијата.

### *7.5.3. Судски и нотарски постапки*

Во текот на извештајниот период беа отворени две стечајни постапки на акционерски друштва спрема кои Берзата има побарувања по основ на неплатен надомест за котација, поради што од страна на Берзата беа поднесени пријави за побарувања во стечајни постапки против должникот Киро Ќучук АД Велес, во вкупен износ од 657.224,00 денари и против должникот Тутунов комбинат Боро Петрушевски Папучар АД Куманова во вкупен износ од 561.877,00 денари.

Поради ненаплатено побарување кон Жито вардар АД Велес по основ на надомест за котација за 2011 и 2012 година, на ден 31.01.2013 година Берзата поднесе Предлог за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа до нотар. Во врска со Решението УПДР бр.63/13 од 07.03.2013 година од нотарот со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа поради ненаплатено побарување кон Жито Вардар АД Велес по основ на надомест за котација за 2011 и 2012 година, од страна на должникот Жито Вардар АД Велес беше поднесен приговор до Основниот суд Велес. После одржување на две рочишта, Основниот суд Велес донесе Пресуда ПЛС-ТС.бр.105/13 од 28.05.2013 година со која одбива приговорот на должникот Жито Вардар АД Велес и останува во сила нотарското Решение бр.УПДР бр.63/13. Против Пресудата ПЛС-ТС.бр.105/13 е дозволена жалба од незадоволната странка до Апелациониот суд Скопје. Во врска Пресудата ПЛС-ТС.бр.105/13 од 28.05.2013 на Основниот суд Велес, должникот Жито Вардар АД Скопје поднесе жалба до Апелациониот суд Скопје. На ден 26.11.2013 година, од страна на Апелациониот суд Скопје до Берзата беше доставена Пресуда со која жалбата на тужениот Жито Врадар АД Велес се одбива како неоснована и се потврдува Пресудата бр. ПЛС-ТС.бр.105/13 од 28.05.2013 на Основниот суд Велес.

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО ПРОДАЖБА НА БЕРЗАНСКИ ИНФОРМАЦИИ

Во текот на 2013 година, Македонската берза продолжи со активностите за дистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од вредност на Берзата, преку продолжување на соработката со соодветни дистрибутери на ваков тип на податоци, а со цел долгорочно зголемување на визибилноста и атрактивноста на македонскиот пазар на хартии од вредност и привлекување на поголем број регионални и меѓународни инвеститори.

Врз основа на наведеното, во прилог е презентирана вкупната состојба со дистрибутери што се претплатени за прием, односно прием и редистрибуција на податоците од тргувањето со хартии од вредност во сопственост на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2013 година:

| Локални дистрибутери | Тип на продукт |
|---|---|
| **МАПАС** | Реално време Ниво 1, без право на редистрибуција |
| **НБРМ** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **КБ Прво пензиско друштво** | МБ НЕТ, без право на редистрибуција |
| **Меѓународни дистрибутери** | **Тип на продукт** |
| **Thomson Reuters** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Teletrader** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Six Telekurs Ltd** | Реално време Ниво 1, со право на редистрибуција |
| **Bloomberg** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| **Меѓународни дистрибутери на инфраструктурата на Виенска берза** | **Тип на продукт** |
| **FTSE International Limited** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **Interactive Data Corporation** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| **Microsoft Corp** | Податоци со задоцнување од најмалку 10 минути, со право на редистрибуција |
| **Morningstar Real-Time Data Ltd** | Реално време Ниво 2, со право на редистрибуција |
| **Russell Investments (former Frank Russell Company)** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |
| **SNL Financial** | Податоци со задоцнување од најмалку 10 минути, со право на редистрибуција |
| **Standard & Poor's Dow Jones Indices** | Крај на трговски ден, со право на редистрибуција |

## 9. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКАТА И ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

### 9.1. Промени во БЕСТ системот

Поради промените на Правилата за котација кои беа направени со цел воведување на нов подсегмент на Официјалниот пазар - Задолжителната котација, во вториот квартал од годината беа извршени промени во БЕСТ системот во насока на креирање на нови подсегменти на следниве пазари:

- Официјален пазар
    - Задолжителна котација - обични акции
    - Задолжителна котација - приоритетни акции
    - Котација на мали акционерски друштва - обични акции
    - Берзанска котација - краткорочни хв
- Редовен пазар
    - Слободен пазар - краткорочни хв

Согласно одлуката на Одборот на директори на Берзата од 29.07.2013 година за престанување на пресметка на Индексот на Јавно поседувани друштва - МБИД, се извршени бришење на истиот во БЕСТ системот. Со оглед на ова, а со цел коректна изработка на дневната и периодичните листи што ги изготвува Берзата, направени се соодветни системски измени. Исто така, за потребите на секторот за деловни операции извршени се редовни надградувања, прилагодувања и промени во апликацијата БерзаНет.

## 9.2. Промени во БерзаНЕТ

Согласно измените т.е. додавањето на нови подсегменти во БЕСТ системот, за коректна изработка на дневната официјална листа, дневната кратка лиса, неделната листа и месечната листа, креирани се нови урнеци во базата на податоци со новите подсегменти на Официјален и Редовен пазар. Исто така за потребите на Секторот за деловни операции извршени се редовни надградувања, прилагодувања и промени во апликацијата БерзаНет.

Во текот на четвртиот квартал беше извршена модификација на методологијата за формирање на ранг листа на учесници во индексот МБИ10, како и модификација на методологијата за одредување на режимот за тргување на хартиите од вредност.

## 9.3. Тест сервер СЕИНет за обуки

Со воведувањето на задолжителната котација, новите котирани компании според Правилата за котација се обврзани да објавуваат информации на СЕИНет. За поедноставно користење на СЕИНет од страна на компаниите, Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка креираше тестен сервер (еквивалентен на продукцискиот) со тестни податоци, со цел да се изврши обука на сите ново котирани компании.

## 9.4. Промени и развој на СЕИНет апликацијата

По извршената анализа за надградба на овој системот, се пристапи кон имплементација на новите функционалности, и тоа:

- Промена на структурата на базата за финансиски извештаи
- Изработка на методологија за формирање на Excel урнеци
- Автоматска обработка на финансиски извештаите во Excel формат преку употреба на Excel урнеци кои се однапред внесени во СЕИНет, проверка на точноста на внесениот документ од страна на издавачот и нивно автоматско внесување во базата на податоци за финансиски извештаи
- Изработка на интегриран календар за креирање на идни објави од страна на администраторите на системот
- Имплементација на напреден систем на комуникација помеѓу апликацијата за издавачи и администраторската апликација (со употреба на технологија за автоматизирани освежувања)
- Имплементација на детални логови на апликацијата за издавачи
- Имплементација на WCF сервис кој го употребуваат мобилните апликации

## 9.5. Промени на официјалната веб страна на Берзата

Во вториот  квартал од 2013 година за потребите на промоција на „Конференцијата на македонскиот пазар на хартии од вредност 2013„ која се одржа во мај во организација на Македонската берза, Комисијата за хартии од вредност и Централниот депозитар, на веб страната на Берзата се изработи посебна страна на која беше истакната Програмата за конференцијата, а воедно беше прилагодена и активирана апликацијата за регистрација на учесници.

На крајот на третиот и четвртиот квартал на 2013 година беше имплементирана нова функционалност за претплата за добивање на податоците од тикерот со 10 минутно доцнење. Исто така, во овој дел беше имплементиран самиот сервис за бесплатен тикер со употреба на WCF сервис.

**9.6. Развој на мобилни апликации**

Во четвртиот квартал од 2013 година беше реализиран развојот на Android мобилната апликација за СЕИНет. Истата беше имплементирана со локални човечки ресурси. Апликацијата ги содржи следниве функционалности:

- Преглед на најнови СЕИНет вести
- Филтер по урнеци и издавачи
- Пребарување на СЕИНет вести
- Нотификации за нови СЕИНет вести со можност за добивање на сите нови вести или само вестите за избрани издавачи

Оваа апликација е во завршна фаза на развој и истата се тестира, по што ќе следи нејзино пуштање во употреба преку Google Play Store.

**9.7. Хостирање на .net апликација на Linux сервер**

Во текот на вториот квартал Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка направи истражување, во областа на работата на .NET Web апликации на Linux платформа. За таа цел беше инсталиран виртуелен Ubuntu server на кој беше инсталиран Apache web server.

Користена беше платформата MONO, базирана на .NET framework, преку која можат да развиваат Linux и cross-platform апликации. Хостирањето на веб страната на СеиНет апликацијата беше реализирано успешно со минимални промени во изворниот код. По успешната реализација на овој зафат се создава можност да се разгледува опцијата за миграција на веб апликациите на Linux сервер што би значело во иднина намалување на трошоци за лиценци за Windows сервери.

**9.8. Развој на апликација – Виртуелна Берза**

Во рамките на официјалната страна на Берзата беше развиена и прилагодена едукативна специјална апликација - Виртуелна Берза, преку која корисниците ќе можат виртуелно да купуваат и продаваат акции, со можност за вреднување на нивното виртуелно портфолио. Оваа апликацијата се пушти во продукција на 15.10.2013 година.

**9.9. Активности поврзани со иницијативата за поврзување на берзите од регионот**

Во текот на третиот квартал од 2013 година, Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка заедно со претставници на другите берзи (Белград, Загреб и Љубљана) преку низа на одржани конференциски разговори и преку email коресподенција активно беше вклучена во следниве активности:

- Анализа на проектните активности во делот за функционалностите на идниот систем за регионално пренасочување на налози;
- Изработка на анализа во делот на проектните активности за веб страна на потенцијалната заедничка компанија; и
- Анализа и калкулација на приходи и расходи за реализација на проектот.

Исто така, заради потребите за информирање на Одборот на директори на Берзата беше изработена „Информација во врска со регионалниот проект за пренасочување на налози за тргување и обезбедено финансирање од ЕБРД“. Информацијата ги опфати следниве делови:

- Концепт на заедничката платформа за пренасочување на налозите за тргување помеѓу регионалните берзи
- Функционалности на заедничката платформата (основни и дополнителни)
- Формирање на заедничка компанија на регионалните берзи
- Предуслови за имплементација на платформата на македонскиот пазар на хартии од вредност
- Идни активности

## 9.10. Пуштање во употреба на набавената опрема

Во текот на првиот квартал од 2013 година, акцент во работењето на Дирекцијата за информатичка и техничка поддршка беше ставан на пуштање во употреба на набавената опрема. При оваа операција беа реализирани следниве активности:

- Воспоставување на file сервер на еден од набавените НАС уреди со креирање на корисници и кориснички групи, како и воспоставување на различни нивоа на привилегии за користење на file серверот. Исто така, беше воспоставена синхронизација и репликација на податоци file серверот со вториот НАС уред.
- Креирање на LUN-ови (Logical unit number) на двата НАС уреди на кои се сметени виртуелните машини. При реализацијата на оваа операција беше креирана и backup стратегија, при што LUN-овите се бекапираат на НАС уреди на кои не се хостирани (вкрстен backup).
- Инсталација на хипервизор VMWare vSphare 5.1 free edition на надградениот сервер и воспоставување на мрежна инфраструктура за пристап LUN-овите на двата НАС уреди.
- Реализација на конверзија на еден физички сервер (вториот сервер за FIX пристап на вендорите) во виртуелен кој сега е хостиран на хипервизорот. По оваа операција се овозможи употреба на овој физички серверски ресурс како backup хипервизор.
- Креирање на виртуелен маил сервер. При оваа операција беше извршена инсталација на оперативен систем Ubuntu Сервер 12.04, Postfix 2.9.3 маил сервер и низа на други додатоци за истиот како што се: анти-вирус и анти-спам заштита, веб интерфејс за пристап до маил серверот, систем за администрација на домени и корисници, како и систем за праќање на голем број на е-маил пораки (Newsletter, промотивни кампањи и сл.). Целокупниот инсталиран софтвер на овој сервер е лиценциран со GPL (general public license) лиценца и истиот е бесплатен.
- Креирање на виртуелен сервер за тестирање и развој. Овој сервер се употребува за тестирање на сите развиени апликации од страна на Берзата и на истиот е инсталиран Windows 2008 R2 оперативен систем лиценциран под МСДН лиценца. Исто так, на овој сервер е инсталиран и систем за чување менаџмент на изворниот код на сите апликации развиени од страна на Берзата.
- Креирање на виртуелни сервери кои би се употребувале како backup на серверите на кои е инсталиран БЕСТ системот. При оваа операција се креираа два вакви сервери (Trading Engine и Trading Gateways) и истите се ставени во пасивен начин на работа.

## 9.11. Креирање на VPN конекции

Заради создавање на можност за пристап до податоците од новиот file сервер преку интернет беа креирани неколку тест VPN конекции кои на вработените од берзата би им овозможиле пристап до податоците преку сигурен криптиран канал со употреба на интернет. Преку овие конекции се создаде можност за пристап до податоците со употреба на персонален компјутер, мобилен телефон или таблет конектиран на интернет. Оваа функционалност е во фаза на тестирање кое досега се покажа како успешно.

## 10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 10.1. Активности поврзани со процесот на задолжителна котација

Во текот на 2013 година од страна на Берзата беа преземени низа активности поврзани со процесот на задолжителна котација:

- На 09.04.2013 година во рамките на семинарот што го организираше Американската Стопанска Комора претставник на Берзата имаше презентација за процесот и импликациите од задолжителното котирање на Берзата;

- На 25.04.2013 година во организација на Берзата, Комисијата за хартии од вредност и Институтот на директори се одржа работилница која имаше за цел запознавање на издавачите на хартии од вредност со условите за котација, постапката и роковите за изготвување и доставување на документите потребни за пријавување за котација. За време на настанот беше промовирана и дистрибуирана брошурата "Водич за задолжителна котација" изработена од страна на Берзата и Комисијата за хартии од вредност.

- Во текот на месец јуни Берзата организираше 5 практични обуки на кои присуствуваа претставници на новокотираните друштва на задолжителна котација. Целта на обуките беше на друштвата детално да им се објаснат сите аспекти, обврски и одговорности што произлегуваат од оваа мерка и да се одржи практична и детална обука за користење на берзанскиот систем за електронско објавување на известувања – СЕИНет.

### 10.2. Активности во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза

- Согласно планот за реализација на обуки во текот на 2013 година во рамките на Тренинг центарот на Македонска берза беа одржани вкупно седум обуки и тоа:

    - Во февруари и декември се одржа обуката „Анализа на финансиски извештаи„ што ја проследија околу 50 посетители (индивидуални инвеститори, претставници на трговски друштва и други институции);
    - Во март и декември околу 70 посетители ја проследија обуката "Принципи на пазарите на капитал";
    - Во април се одржа обуката „Корпоративно финансирање";
    - Во мај се одржа обука на тема "Планирање на лични финансии";
    - Во јули посетителите ја проследија обуката „Објавување на информации и односи со инвеститори".

- Согледувајќи ги потребите од обуки за актуелни теми од областа на пазарот на хартии од вредност се пристапи кон подготовка на три нови обуки: за Законот за преземање на акционерски друштва, за функционирањето на Берзанскиот Електронски Систем за Тргување – БЕСТ и за модерните презентациски техники. Овие обуки се планира за прв пат да се реализираат во текот на 2014 година.

**10.2. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонската берза**

Имајќи ја предвид заложбата на Македонската берза за континуирана едукација на потенцијалните и актуелните учесници на македонскиот пазар на хартии од вредност и потребата од стекнување на одредени практични искуства во тргувањето со хартии од вредност, во текот на месец октомври 2013 година започна со функционирање едукативниот портал на Македонската берза Виртуелна берза. Виртуелната берза претставува игра на знаење и симулација на тргувањето на Македонската берза. Порталот е наменет за сите оние кои сакаат да стекнат искуство при тргување со хартии од вредност и да бидат подготвени за вистинско тргување на Македонската берза. Тргувањето на Виртуелната берза се одвива секој ден во неделата.

Заклучно со месец декември беа регистрирани повеќе од 400 учесници во играта, а околу 350 беа активни со реализирани купо-продажни трансакции. Првиот циклус на Виртуелната берза ќе трае до 30.06.2014 година, по што ќе следи прогласување на тројца најуспешни учесници коишто имаат остварено најголема вредност на своето портфолио. Македонската берза на добитниците на првите три места ќе им додели соодветни награди.

**10.3. Одржани предавања и презентации**

- Во рамките на повеќегодишната соработката што Македонската берза ја остварува со голем број образовни институции во Република Македонија во текот на 2013 година беа организирани посети од неколку средни училишта и факултети за време на кои учениците и студентите имаа можност да се запознаат со начинот на функционирање и со институционалната поставеност на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, со посебен осврт на улогата и функцијата на Македонската берза. Посетителите имаа можност во живо да го проследат тргувањето преку електронскиот систем за тргување на Берзата – БЕСТ и да се информираат за начинот на којшто се реализираат купопродажните налози за дадени хартии до вредност.

- На покана на Економскиот факултет при УКИМ-Скопје во текот на месец април и ноември претставник на Берзата одржа предавање на студентите од овој факултет при што им беа презентирани основните карактеристики на Македонската берза и на другите институции на пазарот на хартии од вредност, пазарните сегменти и начинот на тргување на Македонската берза, како и некои статистички параметри од тргувањето на Берзата во изминатите неколку години.

- Во текот на месец мај претставник на Берзата одржа презентација за подетално информирање на капитално финансираните пензиски фондови со актуелните состојби и перспективи на македонскиот пазар на хартии од вредност. Исто така, во рамките на редовната средба на Здружението на правници во стопанството во Република Македонија се одржа презентација на тема „Задолжителна котација на Македонска берза и обврските на котираните друштва“.

**10.4. Други активности**

- Согласно заложбите на Берзата за подигнување на нивото на финансиска писменост, особено помеѓу помладата популација, во текот на месец ноември беше остварена средба со Универзитетот Американ колеџ Скопје и е договорено одржување на практична обука за студентите од Универзитетот за време на која тие ќе имаат можност да симулираат тргување преку берзанскиот електронски систем за тргување. Исто така, беше истакнато дека Берзата стои на располагање за доставување на одредени статистички податоци кои студентите би ги користеле при подготвување на трудови и истражувања. Воедно, беше потпишан и договор за учество на Берзата во Деловниот совет на Универзитетот.

- Во текот на месец август и ноември беа ангажирани студенти за реализирање на пракса на Македонската берза. Студентите извршуваа работи околу внес на податоци за продуктот на Берзата БестНет Аналитика.

## 11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1. Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност

- На 09.05.2013 година во Скопје во организација на Македонската берза, Комисијата за хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност се одржа првата заедничка „Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност 2013“. Конференцијата беше отворена со воведното обраќање на Заменик претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Владимир Пешевски, а присутните имаа можност да ги проследат говорите на Претседателот на Комисијата за хартии од вредност на РМ, Елизабета Чингаровска, Главниот извршен директор на Берзата, Иван Штериев и специјалниот говор на Гувернерот на НБРМ, Димитар Богов. Конференцијата на едно место ги обедини претставниците на финансискиот сектор и индустријата на хартии од вредност во Република Македонија, котираните компании и други акционерски друштва, државните институции и универзитети, како и други засегнати лица чија дејност е поврзана со работењето или инвестирањето во хартии од вредност. На настанот се дискутираше за различни теми поврзани со актуелните состојби на пазарот на хартии од вредност од домашен и од меѓународен аспект, можните идни развојни правци, значењето на финансиската едукација и нејзината корелацијата со долгорочниот економски развој.

  Благодарение на обезбедената поддршката од спонзорите (златен спонзор – Македонски телеком АД Скопје, сребрен спонзор – Прилепска пиварница АД Прилеп и спонзорите Алкалоид АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Халк банка АД Скопје, КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје, како и медиумските покровители Капитал Медиа Груп и Македонска радиотелевизија), конференцијата беше успешно организирана, без притоа да предизвика трошење на сопствени финансиски средства.

- Со цел промовирање и поттикнување на транспарентно и навремено објавување на информации од страна на котираните акционерски друштва Македонската берза по шести пат ја додели наградата „Кристално ѕвоно” за најтранспарентно котирано друштво за време на одржувањето на конференцијата на македонскиот пазар на хартии од вредност.

- Во рамките на „Конференција на македонскиот пазар на хартии од вредност 2013“, Берзата како еден од коорганизаторите обезбеди учество на претставник на Ерсте Груп Банк кој одржа презентација на тема „Издавање и тргување со сертификати на берза“. На овој начин на финансиските посредници во Република Македонија им се претстави концептот на тргување на берза со сертификати, како изведени хартии од вредност, што може да претставува атрактивен финансиски инструмент за домашната инвестициска јавност во идниот период.

### 11.2. Меѓународна промоција на македонскиот пазар на хартии од вредност

Согласно заложбите за учество на инвеститорски конференции со кои се овозможува активна меѓународна промоција на регионалните пазари и водечките издавачи на хартии од вредност, во рамките на годишната конференција на Белградската берза на 19 ноември 2013 година во Белград се одржа меѓународна инвеститорска конференција. Овој настан беше организиран во соработка со

Wood&Company, една од водечките инвеститорски компании во Централна Европа. Од Македонија на овој настан зедоа учество Комерцијална банка АД Скопје и Македонски телеком АД Скопје, кои со останатите 10 компании од Босна и Херцеговина, Бугарија, Словенија, Србија и Хрватска имаа можност да остварат повеќе директни средби и да го презентираат своето работење пред бројни реномирани меѓународни инвеститори. Македонските компании остварија повеќе од 20 средби со потенцијални инвеститори.

## 11.3. Промоција на Тренинг центарот на Македонска берза

Во текот на извештајниот период беа преземени соодветни активности кои имаа за цел промоција на Тренинг центарот на Македонска берза АД Скопје и на обуките што се организираат во рамките на истиот:

- Во рамките на соработка со Медија Принт Македонија на електронското издание на весникот Дневник беше објавен рекламен банер за обука. Беше постигнат договор со Економскиот факултет во Скопје за поставување на банер за одредени обуки кои се од интерес на студентите на веб страната на факултетот и беше постигнат договор со Универзитетот на Југоисточна Европа за испраќање на е меил пораки за обуките кои се од интерес на студентите;
- Беа изработени и дистрибуирани рекламни флаери за Тренинг центарот и планираните обуки до повеќе високообразовни институции;
- Редовно се ажурираа делот на интернет страницата на Берзата и Facebook страницата на Берзата што се однесуваат на Тренинг центарот;
- Континуирано беа испраќани електронски покани за обуките до голем број потенцијални учесници.

## 11.4. Настани и публикации

- На 17 октомври 2013 година во Стопанската комора на Македонија се одржа работилница на тема „Зошто и како вашето друштво со ограничена одговорност да го преобразите во акционерско друштво“. Претставници од Комисијата за хартии од вредност, Македонската берза, Меѓународната финансиска корпорација и Институтот на директори преку презентации ги запознаа присутните со законската регулатива што едно ДОО треба да ја спроведе при трансформацијата во АД, семејното управување, правата и обврските на менаџерите на компаниите, како и кои се предностите од котација на едно друштво на берза. За време на настанот беше промовиран и „Прирачникот за преобразба на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво“, публикација изработена од страна на споменатите институции.

- Во организација на Комисијата за хартии од вредност на 26 октомври 2013 година во Струмица се одржа семинар „Пазарот на капитал во Македонија – состојби, предизвици и перспективи“ на кој присуствуваа и претставници на Берзата. За време на средбата беа согледани состојбите на македонскиот пазар на хартии од вредност, како и предлози за негово унапредување.

- Согласно Програмата за работа на Македонската берза за 2013 година во текот на извештајниот период се подготви и се публикуваше нова брошура за работењето и функционирањето на Македонската берза.

- Во текот на годината, Берзата во соработка со Комисијата за хартии од вредност подготви „Водич за јавна понуда на хартии од вредност“. Ова е публикација во која се опишуваат предностите и карактеристиките, како и самата постапка за јавна понуда на хартии од вредност.

- Согласно податоците од ревидирани финансиски извештаи што ги доставуваат котираните друштва, како и податоците од тргувањето, Берзата изработи електронска публикација “Факти за котираните друштва” којашто беше публикувана на почетокот на месец октомври.

## 11.5. Комерцијално огласување на веб страната на Берзата

Во текот на извештајниот период беше закупен рекламен простор за комерцијално огласување на веб страната на Берзата од страна на „T-Mobile”, „T-Home” и “Microsoft”. Исто така, беше извршен и закуп на простор за огласување на операторот ВИП, а беше потпишан и нов договор со Комерцијална банка АД Скопје за закуп на позиција за рекламирање на банер на банката.

## 11.6. Промоција на продуктот Тикер и нов информативен преглед

- Поаѓајќи од заложбата за транспарентност и достапност на информации за тргувањето со хартии од вредност што е од особено значење за постоечките и потенцијалните инвеститори на пазарот на хартии од вредност, Македонската берза АД Скопје на сите медиуми и други заинтересирани субјекти бесплатно им го понуди својот продукт „Тикер“. Податоците од Тикерот (просечните цени на хартиите од вредност и нивната процентуална промена во однос на официјалната просечна цена постигната на претходниот ден на тргување) медиумите и други заинтересирани субјекти ги добија на тестно користење со право на редистрибуција, без надомест, во периодот септември-декември 2013 година.

- Во текот на извештајниот период Берзата започна со тестно електронско публикување на нов информативен преглед „Берзански монитор“ во кој, покрај статистичките податоци, се содржани и одредени вести или настани кои одбележале даден период.

## 11.7. Присуство и соработка со медиуми

- На 11.06.2013 година во просториите на Берзата се одржа прес конференција по повод првиот ден на тргување на Берзата со првите 30 новокотирани акционерски друштва кои ги исполнија условите за котација на подсегментот „Задолжителна котација“. По тој повод, Берзата ја посетија Заменик Претседателот на Владата на Република Македонија и Министер за финансии, м-р Зоран Ставревски, и Претседателот на Комисијата за хартии од вредност, м-р Елизабета Чингаровска. На прес конференцијата присуствуваа и генералните директори и/или членовите на управите на Македонски телеком, Стопанска банка Скопје, Унибанка, НЛБ Тутунска банка и Прилепска пиварница.

- Во текот на извештајниот период Главниот извршен директор имаше интервју за Македонското радио, за емисијата „Профит“ на Наша ТВ и за телевизија Алфа во кое се осврна на актуелните состојби на македонскиот пазар на хартии од вредност, на активностите што ги има Берзата во делот на едукацијата на инвеститорската јавност и на трговските друштва за предноста од трансформација на ДОО во АД, за придобивките од котација на берза, за транспарентноста на котираните друштва, како и за состојбите и резултатите постигнати во текот на 2013 година.

- Берзата остваруваше континуирана комуникација и соработка со конвенционалните и интернет медиуми.

## 12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2013 година активностите на Берзата на регионално и меѓународно ниво беа фокусирани кон следниве пунктови:

### 12.1. Регионален проект за пренасочување на налозите за тргување помеѓу берзите

Централна активност на Берзата во доменот на меѓународните активности во текот на 2013 година беше имплементација на започнатиот проект за создавање на регионален центар за пренасочување на налозите за тргување помеѓу берзите од Љубљана, Загреб, Белград и Скопје, проект што се базира на Платформата за заедничко дејствување што овие берзи претходно ја потпишаа. Најнапред, берзите го дефинираа начелниот концепт на поврзување на пазарите кој треба да придонесе за зголемување на атрактивноста на регионалните пазари кои се вклучени во проектот и среднорочно да влијае на зголемување на ликвидноста во тргувањето со хартии од вредност и го утврдија соодветниот бизнис модел. Воедно, берзите заклучија дека сето ова би се спроведувало преку формирање на заедничка компанија во сопственост на сите четири берзи. Потоа следеше изготвување на сеопфатен документ за функционалностите на моделот на поврзување и поднесување на соодветна апликација за добивање на финансиски грант од страна на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). По одобрениот грант од страна на ЕБОР за реализација на проектот берзите учесници во проектот одржаа состанок на кој детално се дискутираше за идната софтверска апликација на заедничката платформа и нејзините функционалности, како и за изработка на заедничка веб страница. Целта беше да се интензивираат активностите за формирање на заедничката компанија, со цел истата да биде основана и да се потпише договорот за грант со ЕБОР до крајот на 2013 година.

Но, во текот на последниот квартал од годината берзите од Љубљана и од Белград со соодветен допис информираа за својата одлука да се повлечат од понатамошно учество во активностите поврзани со регионалниот проект за поврзување. Во меѓувреме, како потенцијални учесници во проектот беа контактирани Румунската берза и Софиската берза, при што сериозен интерес за приклулување кон проектот беше пројавен од страна на Софиската берза, по што проектот го продолжија берзите од Загреб, Скопје и Софија. Согласно последните настани ЕБОР, како покровител на проектот, во наредниот период треба формално да одлучи за продолжување со активности за понатамошна реализација на истиот.

### 12.2. Активности во рамките на Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS)

- На 27.01.2013 година во Истанбул, Турција, се одржа состанок на Извршниот одбор на федерацијата на евроазиски берзи FEAS. Главниот извршен директор зеде учество на состанокот во својство на член на ова тело. Воедно, во рамките на настанот водени се и билатерални разговори со берзата од Истанбул за понатамошна имплементација на Меморандумот за соработка потпишан во 2012 година меѓу двете берзи.

- Претставник на Берзата учествуваше на Извршниот и Работниот комитет на Федерацијата на Евроазиски берзи што се одржаа во месец мај во Сараево и во месец декември во Мускат, кога се одржа и Генералното собрание на федерацијата. Трошоците за присуство на овие настани беа покриени од страна на Секретаријатот на FEAS во рамките на т.н. билатерална програма за размена.

### 12.3. Учество на меѓународни конференции

- Во организација на Федерацијата на Балканско Американски здруженија (FEBA) и со поддршка на берзата од Истанбул на 22.04.2013 година во Њујорк, САД, се одржа конференција каде заедно со другите берзи од регионот учествуваше и Македонската берза на панелот насловен како „Берзите, развојот и инвестиционите можности на Балканот“.

- На покана и со финансиска поддршка од Меѓународната финансиска корпорација претставник на Берзата присуствуваше на конференцијата посветена на учество на жените во органи на управување што се одржа на 21.05.2013 година во Сараево.

- Во месец мај во Хрватска,  претставник на Берзата присуствуваше како слушател на CISCO регионална конференција, наменета за земјите од Југоисточна Европа.

### 12.4. Други активности

Во текот на месец декември во посета на Берзата беше еден од потпретстедателите на германската берза. На средбата беше истакната заинтересираноста на оваа голема берзанска групација за настаните поврзани со процесите на берзански интеграции во Југоисточна Европа и нивна начелна заинтересираност за соработка на билатерално и регионално ниво.

## 13. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2013 ГОДИНА

Во 2013 година Македонската берза АД Скопје, оствари **вкупни приходи** во износ од **37.163.375 денари** и истите е за 26% пониски во однос на остварените во истиот период од 2012 година. Доколку се изврши прилагодување на вкупните приходи во 2013 и 2012 година за приходите од грантот што Берзата го доби од Европската банка за обнова и развој како финансиска поддршка за воспоставување на Тренинг центарот на Македонска берза АД Скопје во износ од 13.810.593 денари (за коишто има соодветен расход) вкупните приходи во 2013 година од 37.163.375 денари наспроти ланските 36.577.069 денари претставуваат зголемување од 1,6%, што се должи на зголемените приходи од надомест за котација оваа година.

Приходите остварени од камата изнесуваат 2.499.111 денари и претставуваат 6,72% од вкупните приходи. Овој износ е по основ на камата на орочени депозити кај банки и камата на депозити по видување. Намалувањето на овие приходи од 22% во однос на претходната година се должи на намалувањето на износот на пласираните средства оваа година во однос на лани како резултат на исплата на дивиденда во текот на месец јуни 2012 година и поради намалувањето на каматните стапки за орочени депозити во 2013 година во однос на 2012 година. На 31.12.2013 година Берзата има денарски депозити орочени на 6 и 12 месеци во следните банки Комерцијална банка (13 милиони денари), Стопанска банка (10 милиони денари), Еуростандард банка (10 милиони денари), Халк банка (10 милиони денари), Шпаркасе банка Македонија (10 милиони денари), Охридска банка (8,5 милиони денари) и НЛБ Тутунска банка (3 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 2,65% до 3,9%.

Приходите по основ на провизии и надоместоци изнесуваат 26.372.785 денари и се за 2% повисоки во однос на истите во 2012 година. Подолу се презентирани подетално сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на надоместоци за членство во вкупен износ од 3.723.422 денари и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за користење на Берза-Нет, надоместоци за комуникациско поврзување со Централниот депозитар за хартии од вредност, надоместоци за користење на станици за набљудување и слично. Кај овие приходи се бележи намалување од 17% во споредба со истиот период лани, поради тоа што во текот на првото полугодие од 2013 година се наплатени надоместоци од членство од 15 членки на Берзата (а во текот на третиот од 14 и во текот на четвртиот квартал од 13 членки). Во вкупните приходи овие приходи учествуваат со 10,02%.

- Најголемиот дел од приходите на Берзата во 2013 година во износ од 13.114.363 денари или 35,29% од вкупните приходи е остварен по основ на надомест за тргување од друга страна овие приходи се за 31% пониски во однос на остварените во 2012 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување по основ на склучените трансакции во БЕСТ системот е забележано намалување од 7,51% (од 5.271.550 денари во 2012 година на 4.875.792 денари во 2013 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 44,89% (од 6.443.736 денари во 2012 година на 3.550.880 денари во 2013 година), а приходот од тргувањето при јавни берзански аукции бележи намалување од 16,45%. Приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците бележат намалување од 39%.

- Остварени се приходи по основ на надомест за котација во износ од 9.535.000 денари или 25,66% од вкупните приходи. Годишен надомест за котација е фактуриран на сите 32 акционерски друштва што и претходно котирале на подсегментот Берзанска и Супер котација, наплатен е еднократен надомест за котација во постапка на задолжителна котација (910.000,00 денари) од 91 акционерски друштва што поднесоа барање за задолжителна котација и е фактуриран годишен надомест за котација на 83 новокотирани друштва на сегментот Задолжителна котација. Приходите по основ на надомест за котација од новокотираните друштва на подсегментот задолжителна котација (еднократниот и годишниот надомест) вклучени во вкупните приходи по основ на надомест за котација на годишно ниво влијае со нов нето приход од 7.135.000 денари на финансискиот резултат.

Во 2013 година Берзата оствари останати приходи од дејност во износ од 8.291.479 денари, што се за 10% повисоки во споредба со истите во 2012 година. Ова се приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, закуп на медиумски простор, приходи од дистрибуција на берзански податоци, донација и друго. Најголемо учество во останатите приходи имаат приходите од дистрибуција на берзански информации во износ од околу 2.334.000 денари (истите во 2012 година изнесуваа 2.719.000 денари), приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од околу 1.700.000 (во 2012 година изнесуваа 1.792.000 денари), приходи од котизација и спонзорство за конференција во износ од околу 935.000 денари (во 2012 година изнесуваа 663.000 денари), приходи од донација на софтвер во износ од 1.554.000 денари (остварен е и соодветен расход како амортизација на софтверот), приходи од закуп на медиумски простор во износ од 674.000 денари (во 2012 година изнесуваа 546.000 денари), приходи од одржување на обуки во износ од 467.000 денари (во истиот период од 2012 година нема остварено приходи по овој основ).

**Вкупните расходи** остварени во 2013 година изнесуваат **36.302.509 денари** и истите се за 33% пониски од остварените во 2012 година кога истите изнесувале 53.984.773денари. Доколку се изврши прилагодување на вкупните расходи во 2013 година и 2012 година за износот на регулаторниот трошок и за износот за расходите од грантот за тренинг центарот, истите во 2013 година изнесуваат 24.860.506 денари наспроти ланските 28.604.062 денари, односно забележано е намалување за 13,1% на реалните трошоци на Берзата во 2013 година.

Во 2013 година за провизии и надоместоци направени се расходи во износ од 11.514.283 денари, што претставува 31,72% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии и, пред се', за надоместот за надзор што Берзата го плаќа на Комисијата за хартии од вредност во висина од 0,006% од пазарната капитализација на сите сегменти на пазарот на последниот ден на тргување од претходната година. На 31.01.2013 година Комисијата за хартии од вредност ја извести Берзата дека вкупната пазарна капитализација на која Берзата треба да плати надомест на надзор на берза изнесува 190.700.041.776, од што произлегува дека вкупниот износ на надомест за надзор изнесува 11.442.003 денари за 2013 година. Со оглед на тоа, месечниот надомест за надзор кон Комисијата за хартии од вредност во 2013 година изнесуваше 955.300 денари. Истите се за 1% пониски во однос на остварените истиот период лани.

Трошоци за вработени во 2013 година изнесуваат 11.912.019 денари. Истите изнесуваат 32,81% од вкупните расходи и се за 8% пониски во споредба со 2012 година. Бруто платите на извршниот член на Одборот на директори изнесуваат вкупно 2.985.072 денари.

Амортизацијата на средствата е пресметана во износ од 4.894.336 денари, што претставува 13,48% од вкупните расходи и е за 18% пониска во споредба со 2012 година, а се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опрема. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Исправката на вредност на побарувањата изнесува 360.000 денари и се однесува на побарувања по основ на надомест за котација, чија наплата се оценува како неизвесна и со отежната наплата.

Зголемувањето на истата се должи на зголемувањето на ненаплатените побарувања по овој основ како резултат на повеќекратно зголемениот број на новокотирани компании во постапката на Задолжителна котација.

Останатите расходи од дејност изнесуваат 7.605.284 денари и се за 19% пониски од истите во 2012 година. Учествуваат со 81% во остварувањето на планот, а во вкупните расходи со 20,95% и се однесуваат на следните ставки:

- Материјалните и слични трошоци изнесуваат 2.100.469 денари или 5,79% од вкупните расходи (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично).

- Трошоците за услуги изнесуваат 3.588.733 денари и истите учествуваат со 9,89% во вкупните расходи. Од трошоците за услуги 426.031 денари отпаѓаат на услуги поврзани со организацијата на берзанската конференција (остварен е и соодветен приход од котизација на посетители на конференцијата и спонзорства). Во рамките на трошоците за услуги позначајно учество имаат услугите за тековно одржување на опремата во износ од 1.242.024 денари, телефонските и комуникациските услуги и услуги за интернет во износ од 908.264 денари. Останатите трошоци за услуги се направени за услуги за ревизија на финансиските извештаи, за поштарина, за обезбедување и слично.

- Трошоците за надомест за Одборот на директори изнесува 426.668 денари и тие изнесуваат 1,2% од вкупните расходи. Овие трошоци во однос на планираните изнесуваат 88,9% и во однос на ланските се пониски за 63%. Согласно одлуката на Собранието на акционери на Македонска берза АД Скопје од 18.12.2012 година, почнувајќи од 01.01.2013 година месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на Македонската берза се исплатува само за независните членови на Одборот.

- За службени патувања во текот на годината се направени трошоци во износ од 197.142 денари и истите се за 51% пониски во однос на планираните за 2013 година и за 36% помали од остварените во 2012 година.

- Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда изнесуваат 780.042 денари и претставуваат 2,15% од вкупните расходи, односно се за 35% помали од планираните. Дел од овие трошоци се однесуваат на организација на годишната конференција на Берзата и се алиментирани од добиените спонзорства и наплатените котизации за конференцијата.

- Трошоци за осигурување се направени во висина од 179.795 денари. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени и извршниот директор и се пониски за 10% од планираните за 2013 година и за 48% помали од остварените во 2012 година. Намалувањето произлегува од променетиот и за друштвото поповолниот третман на осигурувањето на извршниот директор.

- За Други трошоци, направени се трошоци во износ од 332.435 денари. Овие расходи се направени за данок на имот, членарини во Федерација на Евроазиски берзи (ФЕАС), членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично.

* * *

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2013 година оствари **добивка пред оданочување** во износ од **860.866 денари**. Во текот на 2013 година Берзата прикажуваше пресметковна загуба на крајот на првиот, вториот и третиот квартал, односно 2.060.199 денари, 2.258.257 денари и 68.554 денари респективно. Доколку во текот на годината не се реализираше проектот задолжителна котација Берзата ќе прикажеше загуба пред оданочување за повеќе од 6 милиони денари за 2013 година.

Пресметан е данок во непризнаените расходи во износ од **110.027 денари** и нето добивката за деловната 2013 година изнесува **750.839 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2013 година изнесува **142.982.444 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, депозити во банки орочени на шест и дванаесет месеци со рок на разорочување од три дена) учествуваат со 46,8% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Учеството на основните средства материјални и нематеријални (70.009.702 денари) изнесува 48,96% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 6.075.117 денари или 4,25% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2013 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата за надомест за котација (2.105.000 денари) и побарувањата за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2013 година што доспева за плаќање на 15.01.2014 година (2.916.555 денари).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2013 година изнесува **142.982.444 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2013 година изнесуваат 3.836.743 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 2.000.610 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 1.836.133 денари. Најголемо учество во приходите во идните периоди има донацијата во софтверот за тргување од Љубљанска берза како резултат на извршеното преземање на изворниот код на БЕСТ системот во 2009 година. Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2013 година изнесуваат 139.145.701 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 34.897.102 денари и добивката за финансиската година во износ од 750.839 денари.

**Одбор на директори** **Скопје, Февруари 2014 година**

**П р е т с е д а т е л**

**Лидија Трајковиќ**

# П Р И Л О Г

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
**на ден 31.12. 2013 година**

### АКТИВА

**во денари**

| **Назив** | **2012** | **2013** | **Индекс 2013/2012** |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | **1.478.674** | **2.174.583** | **147** |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | **65.020.240** | **64.723.042** | **100** |
| Депозити | 64.602.000 | 64.502.000 | **100** |
| Останати побарувања | 418.240 | 221.042 | **53** |
| **3. Вложувања во сопственички инструменти** | | | |
| **4. Нематеријални средства** | **3.711.290** | **1.861.272** | **50** |
| **5. Материјални средства** | **70.607.330** | **68.148.430** | **97** |
| **6. Останати средства/побарувања** | **2.197.696** | **5.763.306** | **262** |
| Побарувања за данок на добивка | 77.403 | | |
| Останати побарувања | 2.120.293 | 5.763.306 | **272** |
| **7. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **653.504** | **311.811** | **48** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **143.668.732** | **142.982.444** | **100** |

### ПАСИВА

| **Назив** | **2012** | **2013** | **Индекс 2013/2012** |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | **5.273.872** | **3.836.743** | **73** |
| Останати обврски | 1.809.741 | 2.000.610 | **111** |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 3.464.131 | 1.836.133 | **53** |
| **2. Капитал и резерви** | **138.394.862** | **139.145.701** | **101** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | **100** |
| Резерви | 38.572.906 | 34.897.102 | **90** |
| Ревалоризациони резерви | | | |
| Добивка за финансиска година | | 750.839 | |
| Загуба за финансиска година | 3.675.804 | | |
| Задржана добивка | | | |
| **ПАСИВА** | **143.668.733** | **142.982.444** | **100** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ

**во периодот од 01.01.2013 до 31.12.2013 година**

**во денари**

| Приходи | 2012 | 2013 | Индекс 2013/2012 | Програма 2013 | Индекс 2013/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од камати** | **3.207.844** | **2.499.111** | **78** | **2.600.000** | **96** |
| **2. Приходи од провизии и надоместоци** | **25.822.149** | **26.372.785** | **102** | **27.610.000** | **96** |
| Надомест за членство | 4.469.605 | 3.723.422 | **83** | 3.560.000 | **105** |
| Надомест од тргување | 18.952.544 | 13.114.363 | **69** | 20.050.000 | **65** |
| Приходи од котација | 2.400.000 | 9.535.000 | **397** | 4.000.000 | **238** |
| **3. Останати приходи од дејност** | **7.547.077** | **8.291.479** | **110** | **7.750.000** | **107** |
| **4. Нето добивка од курсни разлики** | | | | | |
| **5. Приходи од грант за тренинг центар** | **13.810.593** | | | | |
| **Вкупни приходи** | **50.387.662** | **37.163.375** | **74** | **37.960.000** | **98** |
| **Расходи** | | | | | |
| **1. Расходи за провизии и надоместоци** | **11.653.328** | **11.514.283** | **99** | **9.335.500** | **123** |
| Провизии од банки | 83.210 | 72.280 | **87** | 100.000 | **72** |
| Берзанска провизија за КХВ | 11.570.118 | 11.442.003 | **99** | 9.235.500 | **124** |
| **2. Нето загуба од курсни разлики** | **8.790** | **16.587** | | | |
| **3. Трошоци за вработени** | **12.979.902** | **11.912.019** | **92** | **12.300.000** | **97** |
| **4. Амортизација** | **5.948.834** | **4.894.336** | **82** | **5.000.000** | **98** |
| **5. Исправка на вредност на побарувања** | **236.494** | **360.000** | **152** | | |
| **6. Останати расходи од дејност** | **9.346.832** | **7.605.284** | **81** | **9.380.000** | **81** |
| Материјални и слични трошоци | 2.069.884 | 2.100.469 | **101** | **2.300.000** | **91** |
| Трошоци за услуги | 4.668.305 | 3.588.733 | **77** | **4.300.000** | **83** |
| Одбор на директори | 1.160.000 | 426.668 | **37** | **480.000** | **89** |
| Трошоци за службени патувања | 308.622 | 197.142 | **64** | 400.000 | **49** |
| Трошоци за репрез,реклама и пропаганда | 578.331 | 780.042 | **135** | 1.200.000 | **65** |
| Осигурување | 342.855 | 179.795 | **52** | 200.000 | **90** |
| Трошоци за истражување и развој | 66.667 | 0 | **0** | 250.000 | **0** |
| Други трошоци | 152.168 | 332.435 | **218** | 250.000 | **133** |
| **7. Расходи од грант за тренинг центар** | **13.810.593** | | | | |
| **Вкупно расходи** | **53.984.773** | **36.302.509** | **67** | **36.015.500** | **101** |
| **Добивка пред оданочување** | | **860.866** | | **1.944.500** | **44** |
| **Загуба пред оданочување** | **3.597.111** | | | | |
| **Данок на непризнаени расходи** | **78.693** | **110.027** | | | |
| **Добивка за финансиската година** | | **750.839** | | | |
| **Загуба за финансиската година** | **3.675.804** | | | | |